**Народна банка на Република Македонија**

# Квартален извештај
# јули, 2008

# С О Д Р Ж И Н А


**I. Макроекономски движења** **3**
1.1. Меѓународно економско опкружување **3**
1.2. Економска активност **3**
Домашна понуда 7
Домашна побарувачка 14
1.3. Вработеност и плати 22
1.4. Биланс на плаќања 27
1.5. Инфлација 35
**II. Монетарна политика** **41**
2.1. Монетарни и кредитни агрегати 46
2.2. Каматни стапки 53
**III. Јавни финансии** **62**
**IV. Пазар на капитал** **67**

**Статистички прилог** **72**


* Кварталниот извештај содржи анализа на макроекономските движења главно во првиот квартал на 2008 година и расположливите податоци за движењата во вториот квартал на 2008 година, заклучно со 05.07.2008 година.

# I. Макроекономски движења

Трендот на остварување солидни стапки на економски раст на македонската економија продолжува и во првиот квартал на 2008 година, кога е забележан раст на БДП над проектираниот, под влијание на зголемената домашна потрошувачка, подобрените домашни услови за работење и зголемените инвестиции. Позначајно заживување се забележува кај примарниот и секундарниот сектор, чиј придонес во создавањето на БДП во првиот квартал речиси се изедначува со придонесот на досега доминантниот услужен сектор. Очекувањата за вториот квартал се во насока на одржување натамошен економски раст, имајќи го предвид значителното засилување на растот на индустриската активност во првите два месеци од кварталот. Зависноста на економијата од увоз на сурова нафта и недоволното домашно производство на електрична енергија, при висок пораст на нивните цени на светските берзи (особено на нафтата) придонесоа за натамошно продлабочување на трговскиот дефицит на годишна основа. Повисокиот трговски дефицит и пониските приливи од менувачкото работење се главните двигатели на значителното проширување на дефицитот во тековната сметка на платниот биланс во првиот квартал на 2008 година.

Инфлациските притисоци продолжија и во текот на првите два квартала на 2008 година, главно условени од повисоките цени на храната и забрзувањето на растот на цените на нафтените деривати, како глобални трендови. Имајќи ја предвид севкупната состојба во економијата, во текот на првата половина од 2008 година, монетарната власт во неколку наврати презеде мерки за стабилизирање на инфлациските очекувања и инфлацијата. Значајно е да се истакне дека интензитетот на инфлациските притисоци беше поумерен во вториот квартал. Иако е повисока во однос на претходната година, базичната инфлација е релативно стабилна, што претставува охрабрувачки сигнал дека влијанието на индиректните ефекти врз инфлацијата засега не бележи засилување. Во услови на зајакнати инфлациски очекувања и намалени нето девизни приливи во економијата, забележан е забавен раст на депозитите на приватниот сектор кај банките (особено на денарските депозити), додека високиот кредитен раст продолжува. Ваквите движења наметнуваат предизвици за монетарната власт и во следниот период.

## 1.1. Меѓународно економско опкружување[1]

*Забавување на економскиот раст во најголемиот дел на развиените економии, но одржлив раст кај брзорастечките економии*

Случувањата на финансиските пазари во САД неповолно влијаеја врз глобалната економска активност во изминатиот период. Сепак, глобалниот раст не бележи поголеми влошувања, благодарејќи на растот на брзорастечките економии, којшто иако забавува, сепак значително придонесува за глобалниот економски пораст, за кој е проценето дека ќе изнесува 3,7% во 2008 година (односно за 1,2 п.п. помалку од забележаниот раст во 2007 година). Глобалните инфлациски притисоци се зголемија дополнително во вториот квартал на 2008 година, поттикнати од зголемувањето на цените на нафтата и храната. Инфлацијата во земјите од ОЕЦД се задржа на високото ниво од 3,4% во првите четири месеци на 2008 година. Исклучувајќи ги храната и енергијата, потрошувачките цени на овие земји пораснаа

[1] Анализата во најголем дел се темели врз ММФ, Светски економски преглед, април 2008; месечните извештаи на ЕЦБ, ЕУРОСТАТ и Европската комисија Д-Г за економски и финансиски прашања, Квартален извештај за еврозоната.

за 2,0%. Инфлациските притисоци се поизразени кај брзорастечките економии, при што во неколку земји од Азија инфлацијата се движеше над 8% во последните месеци.

Графикон 1
Странска ефективна побарувачка




*Проекција.
Извор: ЕУРОСТАТ, Консензус форкест (Consensus Forecast) и пресметки на НБРМ.

*Умерен економски раст во еврозоната во првиот квартал на 2008 година*

По забавувањето на економската активност во последниот квартал на 2007 година, забрзаниот раст на извозот и на инвестициите, како и зголеменaта приватна потрошувачка овозможија опоравување на економскиот раст во еврозоната во првиот квартал на 2008 година. Реалниот годишен раст на БДП во еврозоната изнесуваше 2,2% во првиот квартал на 2008 година. За ваквиот неочекуван економски раст најмногу придонесува порастот на финансиските услуги и деловните активности, на индустријата, како и зголемувањето на трговијата, транспортот и комуникациите. Исто така, невообичаено топлата зима во повеќе делови во Европа придонесе за зголемувањето на градежната активност. Според најновите проекции на Евросистемот (ЕЦБ и централните банки на земјите од еврозоната), ваквиот економски раст се очекува да продолжи и во наредниот период, а за цела 2008 година просечниот годишен реален раст на БДП се проценува помеѓу 1,5% и 2,1%. Странската ефективна побарувачка[2], којашто претставува потенцијален показател за побарувачката за извоз на македонски производи, во втората половина од 2008 година се очекува да оствари стабилизирање на стапките на годишниот пораст, коишто претходно имаа тренд на опаѓање.

Умерениот економски раст овозможи продолжување на трендот на намалување на стапката на невработеност во рамките на еврозоната, при што во првиот квартал на 2008 година таа беше на

---

[2] Странската ефективна побарувачка е пресметана како збир од пондерираните индекси на бруто домашниот производ на најзначајните трговски партнери на Република Македонија. Пондерите се пресметани врз основа на учеството на овие земји во македонскиот извоз. Податоците за бруто домашниот производ за земјите-трговски партнери на Македонија се од базата на податоци на ЕУРОСТАТ (New Cronos database), додека проектираните податоци се од публикацијата „Консензус форкест“, јуни 2008 година. Во пресметката на индексот се вклучени Германија, Грција, Италија, Холандија, Белгија и Шпанија.

историски најниското ниво од 7,1%[3], што е за 0,5 процентни поени помалку во споредба со истиот квартал од претходната година. Слични стапки се забележани и во првите два месеца на вториот квартал (април и мај 2008 година). Според анализата кај другите најразвиени економии, САД и Јапонија имаат пониска стапка на невработеност од еврозоната, којашто во првиот квартал на 2008 година изнесуваше 4,9% и 3,8%, соодветно (речиси непроменета во споредба со претходниот квартал).

*Зголемени инфлациските притисоци од порастот на цените на енергијата и на храната во еврозоната*

Во првиот квартал на 2008 година, годишната стапка на инфлација во еврозоната достигна највисоко ниво од воведувањето на заедничката европска валута од 3,4%, главно предизвикана од непрекинатиот раст на цените на енергијата и повисоките цени на храната. Натамошното засилување на инфлацијата во вториот квартал од годината до ниво од 3,7%[4], упатува на тоа дека инфлациските притисоци не биле целосно пренесени на потрошувачко ниво во првиот квартал и се кумулирале во првичните фази на производствениот ланец. Базичната стапка на инфлација, којашто го исклучува влијанието на непреработената храна и енергијата, во првиот квартал на 2008 година бележи пораст (во просек изнесува 2,5%), како резултат на порастот на услугите и на преработената храна. Имајќи ги предвид терминските договори (пазарите на фјучерси), цените на нафтата и на прехранбените производи, инфлацијата во наредниот период најверојатно ќе се задржи над 3%. Според најновите проекции на Евросистемот, просечната годишна стапка на инфлација во еврозоната се очекува да се движи помеѓу 3,2% и 3,6% во 2008 година[5]. На почетокот на јули 2008 година, ЕЦБ, како одговор на зајакнатите инфлациски тенденции, изврши зголемување на референтната каматна стапка за 0,25 процентни поени, со што таа е поставена на 4,25%.

Графикон 2
Придонес на одделните категории од хармонизираниот индекс на потрошувачките цени во еврозоната за годишната стапка на инфлација во првиот квартал на 2008 година
(придонеси во п.п.)




Извор: ЕУРОСТАТ и пресметки на НБРМ.

[3] Стапката на невработеност е прилагодена на сезонските влијанија. Извор: ЕУРОСТАТ, април 2008 година.
[4] Во пресметката за кварталот, податокот за инфлацијата во јуни 2008 година е проценка од Евростат.
[5] Извор: Билтен на Европската централна банка, јуни 2008 година.

Во првиот квартал на 2008 година, просечниот номинален девизен курс САД-долар/евро изнесуваше рекордни 1,50, при што еврото апрецира за 3,4% во споредба со четвртиот квартал од 2007 година. Зајакнувањето на еврото е резултат на слабата позиција на американската економија и неизвесноста поврзана со финансиската криза, како и пазарните очекувања за понатамошно намалување на референтната каматна стапка од страна на ФЕД во првата половина на 2008 година. Во април и мај 2008 година, со еврото се тргуваше по курс од над 1,56 САД-долари, во услови на променливи пазарни очекувања во врска со реакциите на монетарната политика на САД и еврозоната.

*Висок економски раст во земјите од регионот*

Засилувањето на економската активност на земјите од Западен Балкан[6] продолжи и во текот на првиот квартал на 2008 година, со висока просечна реална стапка на раст на БДП од 6,5%, за којашто се очекува да се задржи и во наредниот период. Глобалните инфлациски притисоци што се зголемија дополнително во вториот квартал на 2008 година, се одразија и врз Балканските земји. Притоа, засилувањето на годишните стапки на инфлација беше најизразено во Србија, Турција и Црна Гора и беше главно условено од зголемените цени на храната и енергијата.

*Историско највисоко ниво на светските цени на суровата нафта*

Поскапувањето на суровата нафта[7] на светските берзи продолжи и во првиот квартал на 2008 година, достигнувајќи историски највиско ниво. Така, во однос на претходниот квартал цените на суровата нафта се зголемија за 9,0%, додека во однос на истиот квартал од претходната година тие се повисоки за 66,9%. Ваквата динамика на цените на нафтата во првиот квартал од годината се должи на ограничената понуда на земјите од ОПЕК, релативно силната побарувачка за нафта, како и постојаните геополитички тензии и ризиците на страната на понудата. Просечната цена на нафтата од типот „брент“ и „ВТИ“ продолжи да бележи рекордни нивоа и во текот на вториот квартал на 2008 година, при што забележа рекорден годишен пораст од 83,7% и во просек, изнесуваше 122,7 САД-долари за барел. Порастот на цената произлегува од рекордниот пад на вредноста на американскиот долар во однос на еврото, геополитичките тензии што преовладуваат помеѓу западниот свет и Иран, како и шпекулативните тргувања.

[6] При пресметувањето на просечната стапка на раст на БДП се земени предвид следните земји од Западен Балкан: Република Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора и дополнително Турција. Извор: Заводи за статистика и Централни банки на соодветните земји.

[7] Цената на суровата нафта претставува просек од следните видови нафта: „дејтид брент“, „вест тексас интермедиејт“ и „дубаи фатех“.

Графикон 3
Движење на индексот на светските цени на примарните производи и суровата нафта
(просечен месечен ценовен индекс, 2005=100)




* Ценовниот индекс на металите претставува пондериран просек од спот-цените на бакарот, алуминиумот, железната руда, лимот, никелот, цинкот, оловото и ураниумот.
** Спот-цената на суровата нафта претставува просек од следните видови нафта: „дејтид брент", „вест тексас интермедиејт" и „дубаи фатех".
Извор: ММФ, Светски економски преглед, месечна база податоци, мај 2008 година.

Цените на примарните производи (освен енергија) продолжија да се зголемуваат и во првиот квартал на 2008 година, кога забележаа годишен пораст од 19,6%, достигнувајќи го својот максимум во март. Порастот на цените на овие производи е условен од зголемените цени на храната, поради зголемената побарувачка од страна на брзорастечките економии и зголеменото производство на биогорива. Зголемените посеви со пченица овозможија нејзината цена да се ублажи, но цената на пченката и сојата продолжи да расте и во првите два месеца на вториот квартал. Исто така, годишен пораст (7,9%) бележи и збирниот индекс на цените на металите како резултат на нагорниот притисок од зголемените цени на транспортот заради поскапата нафта, бидејќи транспортните трошоци кај металите се особено значајни. Така, годишен пораст на цените на металите е забележан кај железната руда, оловото, бакарот и челичните лимови, додека пад е забележан кај никелот, цинкот и алиминиумот, чија цена продолжи да опаѓа и во април и мај 2008 година.

## 1.2. Економска активност

### *Домашна понуда*

***Економскиот раст продолжува и во првиот квартал на 2008 година...***

Поволниот тренд на засилена економска активност продолжи и во првиот квартал на 2008 година, под влијание на зголемената домашна потрошувачка (финална и инвестициска), што е резултат и на подобрените услови за работа во економијата. Во првото тримесечје, бруто домашниот производ бележи пораст од 5,2% во однос на истиот период од претходната година. Остварената стапка на пораст ја надминува проекцијата за првиот квартал од околу 4%. Иако ваквата стапка е охрабрувачка за македонската економија, сепак, таа и натаму е пониска во однос на просечниот економски раст на земјите од Западен Балкан во истиот период (6,5%[8]).

[8] Види фуснота 6.

Главни двигатели на растот во првиот квартал се трговијата и индустријата. Значаен придонес има и високиот пораст на градежната активност, како и порастот во земјоделството. Растот на транспортот и комуникациите во првиот квартал забавува, а со тоа и неговиот придонес во создавањето на БДП. Со тоа, придонесот на услугите кон растот речиси се изедначува со придонесот на примарниот и секундарниот сектор.[9] Растот на економската активност се јавува во услови на умерен пораст на бројот на вработени лица од 3,7% и исклучително висок (номинален) пораст кај бруто-инвестициите во економијата од 74,5%.

Графикон 4
Придонеси на компонентите кон порастот на БДП
(процентни поени)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

Графикон 5
Годишни стапки на раст кај БДП и компонентите
(во %)




Извор: Државен завод за статистика.

***...придвижуван од растот кај трговијата...***

Иако движењата во првиот квартал на 2008 година укажуваат на мало забавување на трговската активност, во споредба со 2007 година, според придонесот *трговијата* сѐ уште претставува водечка дејност во создавањето на БДП. Забавувањето на растот би можело да се протолкува како последица на зголемените цени и последователното мало забавување кај личната потрошувачка. Сепак, годишната стапка на пораст кај трговијата и натаму е исклучително висока. Случувањата кај трговијата се во согласност со подобрената состојба во секторот, на која укажуваат оценките на раководството[10], а врз основа на нивните очекувања за деловната состојба во иднина, може да се очекуваат слични движења и за вториот квартал - мало забавување на растот кај трговијата, иако стапките на раст се очекуваат да останат високи.

[9] Придонесот на услугите во растот на БДП во првиот квартал од 2008 година изнесува 2,1 п.п., а на примарниот и секундарниот сектор 2,2 п.п. Во 2007 година, соодветните придонеси се 3,3 и 1,1, процентни поени.
[10] Анкета за деловни тенденции во трговијата, Државен завод за статистика на Република Македонија.

Графикон 6
Состојба во трговијата - согледувања на раководителите и остварувања




Балансите на одговорите, прикажани на левата скала, го покажуваат движењето на показателите, а не вистинската големина.
Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

***...и растот на индустријата***

Во првиот квартал, порастот кај *индустријата* изнесува 6,5% и е резултат на високиот пораст на производството кај *преработувачките дејности* (6,6%), каде што дури петнаесет од дваесетте гранки (коишто сочинуваат 72,8% од преработувачкиот сектор) имаат зголемен обем на производство. Во исто време, продолжи поволниот тренд и во *рударството,* при што зголемената екстракција на руди на метали (пораст од 44%) услови пораст на рударското производството од 11,9%. Неповолна е состојбата единствено кај *енергетскиот сектор,* каде што е забележан пад од 0,8%, главно поради понискиот обем на производство во термоелектричните централи, (заради честите дефекти), при мал пораст на производството од хидроцентралите (во услови на намален воден потенцијал)[11].

[11] Извор: ДЗС.

Графикон 7
Придонеси кон порастот на индустриското производство во првиот квартал на 2008 година
(во процентни поени)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

Најзначајно влијание врз порастот на индустриското производство и во првиот квартал имаше индустријата за *основни метали*, која под влијание на поволната состојба на светските пазари, оствари пораст од 9,5%[12]. Во услови на зголемен извоз, се забележани високи стапки на раст кај производството на *производи од метали* (29,7%), на *електрични машини и апарати* (45,6%) и *мебелот* (79,7%), гранки коишто исто така значајно придонесоа кон порастот на индустрското производство. Од друга страна, негативните трендови кај производството на облека и текстил (пад од 16,5% и 10,9%) и на градежни материјали (пад од 10,9%) продолжија и во првите три месеци на 2008 година.[13]

[12] Истовремено, во првиот квартал од 2008 година, извозот на оваа индустрија бележи умерен годишен пораст од 3,1% заради транспортните проблеми со кои се соочува едно позначајно претпријатие.

[13] Веќе подолго време е присутен тренд на пад на производството на *облека и текстил*, при пораст на обемот на извоз и на вработените. Така, во 2007 година извозот забележа пораст од 13,4%, а вработените од 14,8%, при пад на производството од 15,3%, додека за првиот квартал на 2008 година обемот на извоз забележа пораст од 8,9%, вработените пораст од 3,5%, а производството пад од 16,5%. Вакните нееднакви движења укажуваат на неопфатеност на производството на облека во статистиката за индустриското производство. Слична е состојбата и кај производството на *градежни материјали*, каде што обемот на извоз во првиот квартал бележи пораст од околу 46% на годишна основа.

Графикон 8
Стапки на годишен пораст кај обемот на производство и извоз кај одделни индустрии во првиот квартал од 2008 година
(годишни стапки, во %)




Извор: Државен завод за статистика.

***Помал раст кај транспортот и комуникациите...***

Значително забавување на растот во првото тримесечје е присутно кај секторот *сообраќај и врски*, којшто во 2007 година беше особено значаен за вкупниот пораст. Пониската стапка на раст во првиот квартал на 2008 година во овој сектор се должи на значително намалената стапка на раст кај товарниот железнички сообраќај, при натамошен силен пораст кај телекомуникациите.

Графикон 9
Реални стапки на раст кај поодделните дејности на секторот „сообраќај и врски“
(во %)




Извор: Државен завод за статистика.

***...и пораст кај градежништвото***

Карактеристичен за првиот квартал е и високиот пораст кај *градежништвото*, којшто се јавува како одраз на зголемената побарувачка во оваа дејност, во голема мера заради зголемените државни капитални инвестиции. Состојбата во овој сектор најдобро ја отсликуваат одговорите на раководителите од Анкетата за деловни тенденции во градежништвото, според кои „недостигот на побарувачка“, како фактор што изминативе години постојано беше посочуван како најголема пречка за повисока активност, во првиот квартал на 2008 година е истакнат како трет најзначаен ограничувачки фактор. Во исто време, градежната активност во

странство, по засилениот пораст во 2007 година, бележи пад во првиот квартал на 2008 година од 24,6%, заради помалиот обем на работа во Бугарија и Хрватска. Македонските претпријатија продолжуваат да бидат присутни на пазарите во Украина, Русија и Србија, а сè повеќе расте активноста и во Албанија и Црна Гора.

***Порастот продолжува и во вториот квартал на 2008 година...***

Во однос на движењата во вториот квартал од 2008 година, податоците за индустриското производство во април и мај упатуваат на очекувања за надминување на проектираната стапка на раст на БДП за вториот квартал од околу 5%. Обемот на индустриско производство во април и мај е повисок од соодветниот од претходната година за 11,8%, што укажува на засилување на индустриското производство во вториот квартал на 2008 година. Притоа, високата стапка на пораст се јавува делумно и како последица на ниската споредбена основа, поради падот на индустриското производство во вториот квартал на 2007 година.

Графикон 10
Реални стапки на раст на индустриското производство и БДП
(годишни стапки, во %)




Извор: Државен завод за статистика.

При непроменети трендови кај рударството (пораст од 8,9%) и енергетиката (пад од 1,5%), високиот раст е предизвикан од остварувањата на преработувачките индустрии. Исто како и во првиот квартал, петнаесет од дваесет гранки (коишто сочинуваат 73,6% од преработувачкиот сектор) бележат зголемување на производството, а меѓу нив најзначајни се индустријата за основни метали, печатењето, производството на електрични машини и апарати, тутунската индустрија (делумно заради временското несовпаѓање на производството на ферментиран тутун во однос на минатата година) и нафтената индустрија (пониска споредбена основа од минатата година заради ремонт кај рафинеријата и проблеми со извозот во Косово).

Графикон 11
Придонеси на најзначајните сектори кон годишниот пораст на индустриското производство во периодот април - мај 2008 година
(во процентни поени)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

***...со очекувања да продолжи и во третиот квартал***

Во врска со движењето на индустриското производство во наредните неколку месеци, позитивните очекувања на раководителите од преработувачката индустрија[14] укажуваат на тоа дека може да се очекува продолжување на трендот на пораст на производството и во периодот што следува.

Графикон 12
Индустриско производство, очекувања за производството во иднина и оценка на тековната состојба




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Согласно со движењата на економската активност, пораст бележат и трансакциите во *платниот промет*, коишто главно

[14] Анкета за деловни тенденции во преработувачката индустрија, мај 2008 година, Државен завод за статистика на Република Македонија.

претставуваат солиден показател за динамиката кај економската активност. Во согласност со ноемвриската проекција, трендот на економски раст се очекува да продолжи и во третиот квартал на 2008 година, со проектирана стапка на реален раст на БДП од 5,5%.

Графикон 13
Платен промет и БДП
(во милиони денари)




Извор: Државен завод за статистика и Народна банка на Република Македонија.

## *Домашна побарувачка*

***Продолжување на трендот на пораст на домашната побарувачка и во првиот квартал на 2008 година...***

Трендот на пораст кај домашната побарувачка од последниот квартал на 2007 година продолжува без позначајни промени и во првото тримесечје на 2008 година. Високата номинална стапка на раст на бруто домашниот производ се јавува во услови на висок раст кај финалната и инвестициската потрошувачка. Порастот во домашната побарувачка доведе до пораст на домашното производство, но исто така, со оглед на високата увозна зависност на економијата, и до пораст на увозот и продлабочување на дефицитот во надворешнотрговската размена.

Графикон 14
Годишни номинални стапки на раст на расходните агрегати на БДП
(во %)




Извор: ДЗС.
Порастот кај нето-извозот означува зголемување на дефицитот.

Графикон 15
Придонеси кон номиналниот пораст на БДП
(во процентни поени)




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

*...при индикации за раст на личната потрошувачка...*

Високиот номинален пораст од 16,9% кај финалната потрошувачка[15] најмногу се должи на порастот кај доминантната компонента - *личната потрошувачка.* Во првиот квартал на 2008 година е забележан пораст кај трговијата на мало (22,1%), увозот на стоки за широка потрошувачка, храна и патнички возила (20,9%)[16], а во помала мера и кај домашното производство на стоки за широка потрошувачка (2,8%). Согласно со ваквите движења, висок пораст беше забележан и кај приходите во буџетот врз основа на ДДВ (24,6%). Со тоа, номиналниот раст кај личната потрошувачка во првиот квартал на 2008 година се оценува дека е сличен како и во претходните квартали, што со оглед на повисоките цени во првиот квартал на 2008 година, подразбира мало реално забавување на личната потрошувачка.

[15] Проценките за компонентите на финалната потрошувачка (главно за личната и јавната потрошувачка) се направени во Дирекцијата за истражување при НБРМ.
[16] Од јануари 2008 година, ДЗС применува нова класификација на стоковната размена со странство според економската намена.

Графикон 16
Движење на индикативните категории за личната потрошувачка
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии.

Показатели за раст на личната потрошувачка наоѓаме и во високиот пораст кај *доходот на населението*. Така, во првиот квартал на 2008 година, исплатените пензии се повисоки за 11,7% (за споредба, годишниот раст од претходниот квартал изнесуваше 3,2%)[17]. Во исто време, порастот кај платите е на ниво од претходниот квартал (10,5%), додека падот кај приватните трансфери бележи продлабочување (21,6%). Порастот кај тековниот доход на населението создава очекувања за пораст и кај доходот во иднина, што се одразува со пораст на задолжувањето. Така, порастот на кредитите на населението продолжува со несмалено темпо (62%).

Графикон 17
Извори на финансирање на личната потрошувачка
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика и Народна банка на Република Македонија.

[17] Силниот раст на пензиите се должи на усогласувањето на растот на пензиите со порастот на просечната плата во економијата и растот на индексот на трошоците на животот, што се прави двапати годишно (од јануари 2008 година усогласувањето е во соодност 50 : 50 за платите и инфлацијата, соодветно, наспроти 20 : 80 претходно), како и на еднократното зголемување на пензиите согласно со Одлука на Владата на РМ што во најголем дел е остварено во јануари 2008 година (според стапките на пораст коишто се обратнопропорционални во однос на износот на одделни групи на пензии).

*...висока јавна потрошувачка...*

По исклучителниот пораст од последниот квартал на 2007 година, растот на показателите за *јавната потрошувачка* бележи мало забавување во првиот квартал на 2008 година, иако и натаму е висок, во споредба со стапките на раст од претходните квартали. Притоа, раст постои, подеднакво, и кај платите на вработените во јавниот сектор (13,4%, вклучувајќи ги и локалните власти), и кај трошоците за стоки и услуги (15,8%).

Графикон 18
Јавна потрошувачка и трошоци за плати и стоки и услуги
(годишни промени, во %)




Извор: Министерство за финансии.

*...и зголемени инвестиции*

Најсилни промени во првиот квартал на 2008 година се присутни кај инвестициската потрошувачка, како продолжение на поволниот тренд од претходниот квартал. Номиналниот пораст на *бруто-инвестициите* од 74,5% не само што директно придонесува за пораст на бруто домашниот производ во тековниот период, туку и означува зголемување на продуктивниот потенцијал на економијата, а со тоа и иден раст на активноста. Зголемените инвестиции доведоа до пораст на увозот на средствата за работа од 45,1%, но и на домашното производство на капитални добра од 26,5%. Во исто време, државните капитални инвестиции бележат зголемување за 1,4 пати и се главен фактор за засилените градежни инвестиции, што се огледа во порастот на извршените градежни работи од 29,1% и на додадената вредност во градежништвото од 9,7%.

Графикон 19

Бруто-инвестиции, увоз на средства за работа и домашно производство на средства за работа

(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Графикон 20

Државни капитални инвестиции, извршени градежни работи и додадена вредност во градежништвото

(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии.

***Продлабочување на дефицитот во надворешната размена***

Иако засилената домашна побарувачка беше, во еден дел, задоволена од зголеменото домашно производство, таа исто така создаде притисоци врз надворешниот сектор, па така, *увозот* на стоки и услуги во првиот квартал забележа висок пораст од 27,1%. Во услови на забавен пораст кај *извозот* на стоки и услуги (11,7%), ова доведе до продлабочување на дефицитот во надворешната размена. Притоа, треба да се има предвид дека голем дел од зголемувањето на негативната вредност кај номиналниот нето-извоз се должи на повисоките увозни цени, особено на нафтата (увозните цени на нафтата се повисоки за 50,3% на годишна основа).

Графикон 21
Движења кај извозот, увозот и нето-извозот
(годишни промени, во %)




* порастот означува продлабочување на дефицитот.
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*Слични состојби и во вториот квартал на 2008 година*

Според првичните расположливи податоци за вториот квартал, движењата на страната на побарувачката продолжуваат без позначајни промени. Имено, приходите врз основа на ДДВ во првите два месеца од кварталот се зголемени за 12,4%, во однос истиот период од минатата година. Мало забавување е забележано кај порастот на платите (8,8%) и кај кредитите на населението, без станбените кредити (57,8%), при повисок пораст кај пензиите (17,2%). Во услови на предвремени парламентарни избори, е забележана зголемена јавна потрошувачка (годишен пораст на трошоците за стоки и услуги за 49% и на трошоците за плати од 11,9%, во периодот април - мај 2008 година). Инвестициската активност продолжува, при двојно зголемување на државните капитални инвестиции и пораст на домашното производство на капиталните производи од 24,7%. Висок раст бележи и извозот на стоки (17,9% во април и мај), но посилниот пораст кај увозот (39,3%) сепак упатува на натамошно продлабочување на негативното салдо кај нето-извозот.

**Прилог 1**
**Расположлив доход на населението**

Во литературата и во практиката постојат различни дефиниции за расположливиот доход. Организацијата за економска соработка и развој (OECD) го дефинира како „доход што се добива кога на билансот на примарни доходи на институционалната единица или сектор ќе се додадат сите примени тековни трансфери (освен социјалните трансфери во натура) и ќе се одземат сите исплатени тековни трансфери (освен социјалните трансфери во натура)“. Генерално, расположливиот доход ги претставува расположливите средства што остануваат по оданочувањето на примарниот доход. Нашата анализа се фокусира на расположливиот доход на населението претставен како разлика помеѓу вкупните тековни приходи и расходи на населението. Овој агрегат има повеќедимензионална улога: влегува како променлива во оценката на равенката на личната потрошувачка, се користи за пресметка на задолженоста на населението, за пресметка на маргиналната склоност

за трошење и штедење на населението, стапката на штедење на населението, способноста за отплата на долгот и слично.

Имајќи го предвид значењето на овој показател и неговата повеќекратна употреба, НБРМ пристапи кон изработка на временска серија на расположливиот доход на населението во Република Македонија. Ова претставува значајна придобивка од аналитички аспект, со оглед на фактот што овој податок недостасува во официјалната статистика (извесни пресметки се правени од ДЗС за периодот 1994 -1996 година, во вид на годишни податоци, како и одредени интерни пресметки на НБРМ за потребите на економетриското моделирање за периодот 1994-1999 година, со месечна динамика). Временската серија за расположливиот доход на населението се однесува на периодот од 2000 година наваму и е со месечна динамика. Серијата редовно ќе се ажурира, со годишна динамика, поради природата (динамиката) на податоците што се користат при пресметката. Пресметката главно се заснова врз методологијата на Системот на национални сметки (SNA-93) и претставува разлика помеѓу ***тековните приходи*** и ***тековните расходи*** на населението.

Напоменуваме дека за потребите на конструкцијата на серијата за расположливиот доход, дел од податоците беа изведени од страна на НБРМ, бидејќи тие не се расположливи како готов податок од официјалните статистики. Поради различните периоди на опфат и различната динамика на објавување на податоците, а со цел да се добие месечна серија на расположливиот доход, беа користени економетриски техники за екстраполација и интерполација на сериите на некои од вклучените варијабли. Засега, податоците за 2007 година се проценети.

Како **тековни приходи** на населението, во пресметката на расположливиот доход влегуваат: бруто-платите, социјалните трансфери, приватните трансфери, каматните приливи од штедење во банки и од инвестиции во државни записи, приходите од дивиденди, приходите од авторски права, приходите од имот и имотни права, приливите од старо девизно штедење и приливите од денационализација.




Најголем дел од тековните приходи на населението, во периодот од 2000 до 2007 година, произлегува од бруто-платите (во просек околу 67%). ***Бруто-платите*** на населението се засноваат врз годишните износи на средствата на вработените и додадената вредност во секторот „домаќинства“ (од статистиката на БДП). Средствата на вработените ги опфаќаат вкупните надоместоци исплатени од страна на претпријатието на вработените и тоа: нето-

плата, персонален данок од плата, придонеси од плата, надоместоци за храна, превоз, теренски додаток, регрес за годишен одмор и слични надоместоци. Додадената вредност во секторот „домаќинства“ се однесува на приливите на самостојните вршители на дејност и на приливите на индивидуалните земјоделски производители, како мерка за доходот на наведените субјекти. Потоа следува учеството на приватните трансфери (во просек 19%) и на социјалните трансфери (во просек 12%). Приливите врз основа на ***приватни тековни трансфери*** се однесуваат на дознаките, менувачкото работење и останато (ренти, пензии, инвалиднини), податоци коишто произлегуваат од билансот на плаќањата. ***Социјалните трансфери*** се однесуваат на пензиите, трансферите од централениот буџет за социјална помош, инвалиднините, детскиот додаток, како и помошта за невработените. Останатите категории на приходи имаат незначително учество во создавањето на доходот на населението. Сепак, во последните години е присутен тренд на постепено зголемување на капиталните инвестиции на населението, при што и приходите од дивиденди бележат зголемување.




Како **тековни расходи** на населението се земени: износот на платениот персонален данок на доход, износот на придонесите од плати за пензискиот фонд - ПИОМ, за здравствениот фонд и за фондот за вработување, платениот данок на имот и данокот на промет со недвижности, каматните отплати кон банките и одливите врз основа на приватни тековни трансфери (дознаки, менувачко работење и останато). Согласно со учествата во вкупните тековни расходи, доминантна категорија во анализираниот период се придонесите (во просек 54%), потоа одливите врз основа на приватни трансфери (во просек 24%) и персоналниот данок на доход (во просек околу 17%).




Расположивиот доход на населението во Република Македонија, во периодот од 2000 до 2007 година осцилира околу просечната вредност од околу 80% од БДП. Во услови на стабилно ниво на бруто-плати и социјални трансфери, осцилациите на расположливиот доход во најголем дел произлегуваат од варијабилноста на приватните трансфери. Така, пад на нивото на расположлив доход се забележува за време и по безбедносната криза (2001 и 2002 година), којшто во најголем дел произлезе од намалените приливи од приватни

трансфери, од една страна и зголемените расходи за приватни трансфери, од друга страна, и во помал дел од намалените социјални трансфери. Со нормализирање на состојбите и со враќање на довербата во стабилноста на земјата, во 2003 година е забележан висок прилив на средства од приватни трансфери и зајакнат раст на приливите од бруто-платите, така што нивото на расположливиот доход е над просекот. Сепак, во 2005 година во услови на пониски приливи од бруто-плати (и покрај посилниот прилив на средства од приватни трансфери), се забележува повторно намалување на расположливиот доход. Во последните две години од анализата (2006 и 2007 година), во услови на зголемување на приходите врз основа на бруто-плати[18], нивото на расположливиот доход повторно бележи пораст.

(во милиони денари)




Сепак, набљудувано во апсолутни големини, расположливиот доход на населението во периодот од 2000 до 2007 година има постојан тренд на пораст (со исклучок на 2001 година кога минимално се намалува), укажувајќи на постепено јакнење на потрошувачката моќ на населението.

## 1.3. Вработеност и плати

Поволните движења на пазарот на труд во македонската економија продолжија и во првиот квартал на 2008 година. Имено, како и во претходните три квартали, така и во првото тримесечје на 2008 година е забележан зголемен број на вработени лица (за 3,7%) и намален број на невработени лица (за 1%). Поволните поместувања на пазарот на трудот придонесоа за пораст на стапката на вработеност за еден процентен поен (36,7%) и до идентичен пад на стапката на невработеност (34,8%), на годишна основа.

[18] Во Република Македонија се применува принципот на нето-плати. Во 2007 година е извршено намалување на стапката на персоналниот данок, но сепак расходите за персонален данок се повисоки за 5,7% годишно, заради пораст на нето-платата и подобрена наплата на данокот.

Графикон 22
Активно население, вработени и невработени лица
(годишни стапки на раст)




Графикон 23
Стапка на вработеност и стапка на невработеност
(во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија, Анкета за работна сила.

Во првиот квартал на 2008 година, главен двигател на растот на вработеноста е земјоделскиот сектор, каде што е забележан значаен годишен пораст на бројот на вработени од 27%. За споредба, во 2007 година, вработеноста во земјоделството бележеше пад, односно имаше негативен придонес. Поголемиот број на вработени лица во земјоделството, како сектор што учествува со речиси 10% во создавањето на додадената вредност, е во согласност со преземените мерки за развој на овој сектор од страна на носителите на економската политика во форма на зголемени субвенции, пониски даноци, како и создавање дополнителни можности за финансирање на земјоделството[19]. Ваквото поволно опкружување, како и глобалниот раст на цените на земјоделските производи ја зголемија привлечноста на земјоделскиот сектор, овозможувајќи пораст на вработеноста, и тоа најмногу кај индивидуалните земјоделски производители. Имено, бројот на лица вработени за сопствена сметка и бројот на лица кои се изјасниле како неплатени семејни работници на годишна основа е зголемен за 32,4% и 24,6%, соодветно. Значајно е да се напомене дека преземените мерки за поддршка на земјоделството, придонесоа и за поголемо регистрирање на вработените во земјоделството (особено за потребите за користење на субвенции), така што порастот на бројот на вработените делумно го одразува и намалувањето на нерегистрираната вработеност во овој сектор. Имајќи предвид дека околу една третина од домаќинствата во Република Македонија се земјоделски домаќинства,[20] подобрената евиденција на нивната активност се очекува да придонесе за редуцирање на сивата економија.

[19] На почетокот на 2008 година, Владата на РМ го зајакна финансискиот потенцијал на Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд и утврди поволни услови за одобрување на кредити на земјоделците (преку банките), при што каматните стапки се движат од 4 - 6,5% годишно. Во првата половина од 2008 година, преку овој фонд се одобрени околу 800 кредити, во вкупен износ од околу 9 милиони евра.
[20] Според Пописот на земјоделството од 2007 година, ДЗС.

Графикон 24
Придонес на вработените според економскиот статус во порастот на вработените во земјоделството
(во процентни поени)




Извор: Анкета за работна сила, ДЗС.

Останатите сектори во кои бројот на вработени лица бележи позначаен пораст се: рударството (86,3%), туризмот (32,1%) и комуникациите (11,9%). Зголемениот број на вработени лица во рударството и во комуникациите во првиот квартал на 2008 година е резултат на повторно отворените и проширените, како и на ново отворените капацитети во овие сектори во втората половина на 2007 година, што услови пораст на побарувачката за работна сила. Порастот на вработеноста во туризмот е во согласност со зголемената побарувачка за туристички услуги (мерена преку бројот на туристи којшто на годишна основа бележи пораст од 23,5%) имајќи ја предвид подобрата зимска туристичка сезона оваа година. Умерен пораст на бројот на вработени лица е забележан и во трговијата, сообраќајот, јавниот сектор, водостопанството и во рибарството. Во останатите сектори бројот на вработени лица во првите три месеци на годината е понизок во однос на истиот период од претходната година, при најсилен пад на вработеноста во градежништвото (21,3%).

Графикон 24
Придонеси на најзначајните сектори кон порастот на вкупниот број на вработени лица во првиот квартал на 2008 година
(во процентни поени)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Просечните плати во економијата во првиот квартал и натаму бележат висок номинален пораст, што главно претставува пренесен

ефект од зголемувањето на нивото на платите во последниот квартал на 2007 година. Сепак, годишните стапки на раст бележат благо забавување. Така, просечните исплатени нето и бруто-плати[21] се зголемија за 10,5%, односно за 8,7% на годишна основа. Пониският раст на бруто-платите произлегува од намалената стапка на персоналниот данок на доход од 12% на 10% од почетокот на 2008 година. Забавувањето на порастот е уште поголемо доколку се изолира ефектот на инфлацијата. Имено, доколку се земе предвид дека инфлацијата во првиот квартал на 2008 година изнесуваше 9,5%, реалниот пораст на нето-платата изнесува 0,9%, додека бруто-платите бележат пад од 0,8%.

Графикон 25
Просечна исплатена бруто и нето-плата
(годишни номинални промени, во %)




Графикон 26
Реална нето-плата
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Номинален пораст на просечните исплатени плати е забележан во сите дејности од економијата, со исклучок на рибарството. И натаму, најсилен пораст на платите е забележан во јавниот сектор (пораст од 11,8% во јавната управа и одбрана, 11,4% во образованието и 16,6% во здравството), главно заради зголемувањето на платите во овој сектор остварено во последниот квартал од 2007 година. Значајно повисоки плати, во однос на првиот квартал на 2007 година, се исплатени и во земјоделството (9,8%), преработувачката индустрија (9,4%), градежништвото (12,6%) и во финансиското посредување (10%). Сепак, реален пораст на платите е забележан само во неколку дејности (земјоделството, градежништвото, финансиското посредување и во јавниот сектор).

[21] Извор за платите: Државен завод за статистика. Вкупните исплатени бруто-плати опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси (за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување, за професионално заболување и за водостопанство). Податоците се однесуваат на исплатените плати, независно на кој месец се однесуваат.

Графикон 27
Годишни промени во просечната исплатена нето-плата по сектори во првиот квартал на 2008 година
(во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Во првиот квартал на 2008 година, продуктивноста на трудот се зголеми за 1,2% на годишна основа, во услови на посилен пораст на бруто домашниот производ во однос на порастот на вработените лица. Од друга страна повисокиот номинален пораст на бруто-платите во однос на порастот на продуктивноста доведе до значително повисоки номинални трошоци по единица труд (годишен пораст од 7,4%), што укажува на зголемување на трошоците на производителите.

Графикон 28
Продуктивност
(индекси, база просек 2004)



Графикон 29
Номинални трошоци по единица труд
(индекси, база просек 2004)



Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија, пресметки и анализи на НБРМ.

Забавувањето на номиналниот годишен пораст на платите продолжи и во април 2008 година, кога просечните исплатени нето и бруто-плати се зголемија за 9,2% и 7,5%, соодветно, на годишна основа. Натамошното намалување на номиналниот пораст на платите, во услови на одржување на високи годишни стапки на инфлација, услови за првпат оваа година, реален годишен пад на номиналните нето-плати од 0,8%, додека падот кај бруто-платите достигна 2,3%. Секторската анализа укажа на висок номинален пораст на платите во сите сектори, со исклучок на рибарството. Така, исплатените нето-плати во земјоделството беа повисоки за 9,7%, во рударството за 21,8%, во преработувачката индустрија 7,7%, во градежништвото за 10,7% и во услужните дејности за 9,4%. Како и во првите три месеци на годината, и во април реалните нето-плати се повисоки само во неколку дејности, при што поизразен пораст беше забележан кај рударството (10,7%) и во здравството (4,7%).

## 1.4. Биланс на плаќања

Продлабочувањето на трговскиот дефицит во првиот квартал од 2008 година, во услови на висок раст на светските цени на енергијата, како и засилувањето на падот на приватните трансфери, доведе до значително проширување на дефицитот во тековната сметка, во однос на истиот период од претходната година. Од друга страна, во капиталната и финансиската сметка е остварен висок суфицит, при што карактеристично е поместувањето во структурата на инвестициите, во насока на релативно високи приливи врз основа на директни инвестиции, нето, наспроти забележаните одливи врз основа на портфолио-инвестиции.

***Висок дефицит во тековната сметка во првиот квартал***

Во првиот квартал на 2008 година, *тековната сметка* од билансот на плаќања забележа дефицит во износ од 188,1 милион евра, наспроти суфицитот од 41 милион евра во првиот квартал на 2007 година. Воедно, дефицитот на тековната сметка ја надмина ноемвриската проекција (за 67%). Високиот дефицит на тековната сметка се должи на продлабочениот јаз во стоковата размена со странство[22] (придонес од 69,7%), како и на намалените нето-приливи кај тековните трансфери (придонес од 20,8%).

Графикон 30
Компоненти на тековната сметка
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Зависноста од увоз на сурова нафта и недоволното домашно производство на електрична енергија, при истовремен пораст на цените на светските берзи на овие два енергенти (коишто учествуваат со 37,9% во вкупниот увоз на стоки) придонесоа за значително побрз пораст на увозот од извозот на стоки во првиот квартал на 2008 година. Така, годишната стапка на пораст на увозот и извозот на стоки изнесува 31,3% и 9,4%, соодветно, што доведе до продлабочување на дефицитот на трговското салдо (пораст од 81,5%, при што тоа изнесува 442 милиона евра). Следствено, стапката на покриеност на увозот со извоз забележа значителен пад од 11,6 процентни поени на годишна основа и изнесува 58,1%.

[22] Податоците за увозот во статистиката на билансот на плаќања не се совпаѓаат со податоците за увозот од Државниот завод за статистика, заради прикажувањето на увозот на ф.о.б.-основа, како и временското прилагодување на увозот на електрична енергија во билансот на плаќања.

Графикон 31
Надворешнотрговската размена на Република Македонија
(во милиони евра)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*Најзначаен придонес во вкупниот пораст на извозот има извозот на метална руда...*

Годишниот пораст на извозот на стоки во периодот јануари-март 2008 година, е резултат главно на зголемениот извоз на метална руда и отпадоци, нафтени деривати и облека и текстил со придонес од 38,4%, 17,5% и 17,2%, соодветно. Притоа, повторното отворање на еден позначаен рударски капацитет (во последниот квартал на 2007 година) придонесе за зголемување на индустриското производство во секторот „вадење руди и камен“ (за 11,9% на годишна основа) и следствено зголемен извоз на метална руда и отпадоци (за 91,3%). Извозот на оваа категорија на производи главно е наменет за пазарите на соседните земји: Бугарија и Грција (со околу 70% и околу 16%, соодветно). Зголемениот извоз на нафтени деривати претставува комбинација од зголемени цени и количини, каде што поизразен е ценовниот ефект што го одразува порастот на цените на светските берзи. Од друга страна, битно е да се напомене годишното намалување на извозот на најзначајната извозна категорија „железо и челик“ за 6,2%, што делумно се должи на транспортни проблеми (коишто се очекува да имаат краткорочен карактер), но и на неповолен ценовен ефект.

Графикон 32
Структура и динамика на извозот по групи производи
(во%) (годишни стапки на промени)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Анализата на конкурентната позиција укажува на одржување на конкурентноста на домашните производители на странските пазари, согласно со депрецијацијата на реалниот ефективен девизен курс (РЕДК) на денарот, според два од пресметаните показатели. Имено, РЕДК пресметан според индексот на цените на индустриските производители забележа депрецијација од 3,1%, којашто во целост се должи на посилниот годишен пораст на странските цени во однос на домашните цени на индустриските производители. Исто така, во услови на раст на странските трошоци, од една страна, и пад на

домашните трошоци, од друга, РЕДК на денарот пресметан според индексот на трошоците на работна сила по единица производ[23], значително депрецира (за 14,7%). Од друга страна, во анализираниот период, РЕДК на денарот пресметан според индексот на трошоци на живот, на годишна основа апрецира за 1,7%, главно како одраз на апрецијацијата на номиналниот ефективен девизен курс на денарот (НЕДК), односно апрецијација на денарот во однос на руската рубља и американскиот долар, но и при позабрзан раст на домашните во однос на странските потрошувачки цени.

Графикон 33
Индекс на РЕДК* и НЕДК на денарот
(база 2003=100; пондери НТР: 2006)




*Индекс под 100 означува зголемена извозна конкурентност.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Годишен пораст на вкупниот увоз на стоки поради зголемување на увозот на минерални горива***

Енергетската зависност на македонската економија и растот на цените на енергентите се главниот фактор за забрзувањето на годишниот раст на увозот на стоки. Во рамки на групата „минерални горива и мазива", најзначаен придонес за зголемувањето на вкупниот увоз имаа електричната енергија и нафтата и производите од нафта (со 19,2% и 18,7%, соодветно). Кај електричната енергија, порастот на годишна основа се должи на истовремен пораст на количините и цените, додека кај нафтата и производите од нафта зголемувањето, во услови на мало намалување на количините, се должи исклучиво на порастот на цените (постојан нагорен тренд на светските берзи). Од останатите производи, значаен придонес (од 26,4%) во вкупниот пораст има и групата „машини и транспортни уреди", главно зголемениот увоз на возила. Глобалниот тренд на зголемување на цените на храната најмногу се почувствуваа кај увозот на жито и производите од жито, каде што годишната стапка на пораст достигна 93,8%.

---

[23] РЕДК на денарот според индексот на трошоците на работна сила по единица производ е пресметан врз основа на непотполни податоци за странските цени. Индексот на трошоците на работна сила по единица производ се однесува на индустријата.

Графикон 34
Динамика на увозот по групи производи
(во %) (годишни стапки на промени)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Европската унија (ЕУ) и натаму останува најголем трговски партнер на Република Македонија заземајќи структурно учество во вкупниот извоз и увоз на стоки во периодот јануари-март 2008 година од 62,8% и 44,5%, соодветно. Меѓутоа, во однос на истиот период од 2007 година, се јавуваат одредени структурни поместувања. Така, кај извозот на стоки, структурното учество на ЕУ се намалува за 5,5 процентни поени за сметка на извозот во Западен Балкан, кај потписничките на договорот за слободна трговија - ЦЕФТА 2006. Притоа, најголема стапка на годишен пораст забележа извозот во Србија[24] (придонес во порастот на извозот кон групацијата од 71,2%). Кај увозот на стоки се јавува намалување на структурното учество на ЕУ (за 5,2 процентни поена), при зголемен увоз од земјите-членки на ЕФТА.

Графикон 35
Географска насоченост на извозот и увозот на стоки
(во%)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

***Мал дефицит во размената на услуги, намален нето-прилив во подбилансот доход и пад на приватните трансфери***

Во првите три месеци, подбилансот на услуги забележа мал дефицит од 0,6 милиони евра, што на годишна основа претставува намалување од речиси 50%. Од структурен аспект, остварените нето-одливи од услуги во најголем дел се однесуваат на нето-одливите врз основа на транспортни услуги (околу 50%), коишто во голема мера беа неутрализирани пред сè од нето-приливите од патувања и инвестициски работи. Кај доходот, остварениот нето-прилив од 7,4 милиони евра е помал во однос на истиот квартал од 2007 година (за 75%), што се должи пред сè на исплатениот доход од директни инвестиции кон нерезиденти. Во првиот квартал на 2008 година, позитивното салдо на тековни трансфери е пониско за 21,3% во однос на истиот квартал од претходната година, што речиси во целост се должи на намалените нето-приливи од приватни трансфери. Притоа,

[24] Надворешнотрговската размена со Косово не е издвоена посебно, туку е составен дел од трговската размена со Србија.

во услови на релативно стабилни движења на дознаките и останатите трансфери преку формалните канали, намалувањето се должи на падот на приватните трансфери преку неформалниот канал проценет врз основа на нето-приливите од менувачко работење коишто се слеваат во банкарскиот сектор. Ваквите движења, во одредена мерка ја одразуваат зголемената неизвесност, како и растечката инфлација и инфлациските очекувања во овој период, при што откупот на девизи на менувачкиот пазар бележи пад, при едновремено значително зголемена продажба (за 94,5% на годишно ниво), засилувајќи го годишниот пад на нето откупената ефектива (од 30,5%, наспроти 20,1% во претходниот квартал).

Графикон 36
Динамика на приватните трансфери по компоненти на нето-основа
(во милиони евра) (годишни стапки на промена)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во првиот квартал на 2008 година, во *капиталната и финансиска сметка* се остварени нето-приливи на капитал од странство во износ од 192,8 милиони евра, од кои 66% потекнуваат од остварените нето-приливи врз основа на директни инвестиции, нето.

Графикон 37
Компоненти на финансиската сметка
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Врз основа на директни инвестиции, во првиот квартал на 2008 година, на нето-основа беше забележан прилив од 128 милиони евра (од кои, околу 52% врз основа на кредити и заеми на меѓусебно поврзани субјекти), наспроти 20,1 милион евра во истиот квартал од 2007 година. Од друга страна, трендот на нето-одлив на капитал врз основа на портфолио-инвестициите, започнат во последниот месец на

2007 година, продолжи и во првиот квартал на оваа година, при што беа остварени нето-одливи во износ од 8,3 милиони евра.

Графикон 38
Директни и портфолио-инвестиции, нето
(во милиони евра)







Извор: Народна банка на Република Македонија.

Од останатите компоненти во рамки на финансиската сметка, поголеми ставки во функција на финансирање на дефицитот на тековната сметка беа валутите и депозитите (61 милион евра), и тоа главно како резултат на намалувањето на девизните средства на банките во странство. Мали нето-приливи се забележани кај задолжувањето од странство (за разлика од минатата година кога се забележани нето-одливи), а забележано е зголемување на достасаните неплатени обврски врз основа на претходно земени кредити и заеми.

На крајот на првиот квартал на 2008 година, бруто надворешниот долг[25] оствари мал пораст од 18,4 милиони евра, во споредба со претходниот квартал и изнесува 2.730 милиони евра. Ваквата промена е одраз на натамошниот тренд на зголемување на приватниот долг, поконкретно на надворешното задолжување врз основа на заеми меѓу поврзани субјекти, како и на надворешниот долг на останатите сектори во економијата[26]. Истовремено, намален е надворешниот долг на банкарскиот сектор, пред сè заради намалените обврски врз основа на депозити на нерезиденти и долгорочни заеми, како и долгот на државниот сектор, што произлегува од намалените обврски врз основа на долгорочни заеми.

Графикон 39
Динамика на бруто надворешниот долг
(во милиони евра)




Извор: НБРМ.

---

[25] Од 2007 година, НБРМ започна да изготвува и да објавува податоци за бруто надворешниот долг.
[26] Според методологијата за бруто надворешен долг, останатите сектори вклучуваат: небанкарски финансиски посредници, нефинансиски трговски друштва, домаќинства и непрофитни институции.

Највисоко структурно учество во бруто надворешниот долг (од 36,5%) е забележано кај останатите сектори во економијата, како и кај државниот сектор (од 33%), чиешто учество на квартална основа е благо намалено со отплатите на долгорочни обврски. Од друга страна, задолжувањето врз основа на заеми меѓу поврзани субјекти, коешто речиси во целост се однесува на обврски кон директните инвеститори, оствари структурен пораст за 2 процентни поена. Истовремено, задолжувањето на банкарскиот сектор бележи пониско учество за 2 процентни поена, за што во најголема мера придонесуваат намалените краткорочни обврски врз основа на депозити на нерезиденти.

Графикон 40
Структура на бруто надворешниот долг
од аспект на основните институционални сектори




Извор: НБРМ.

Анализата од аспект на одделните инструменти покажува дека доминираат заемите (учество од 48,3%), а по нив следуваат заемите на поврзаните субјекти и трговските кредити со учества од 18,2% и 16,7%, соодветно. Анализирано според рочноста, доминантно учество и понатаму има задолжувањето на долг рок (54,3%), додека учеството на краткорочниот долг оствари намалување од 1,8 процентни поени во однос на претходниот квартал.

Графикон 41
Структура на бруто надворешниот долг
според типот на инструменти според рочноста




*Категоријата СДИ: Заеми меѓу поврзани субјекти е композитна категорија, којашто вклучува обврски за разнородни инструменти (заеми, трговски кредити, хартии од вредност).
Извор: НБРМ.

На крајот на првиот квартал на 2008 година, *бруто девизните резерви* износуваа 1.519,3 милиони евра и во споредба со 31.12.2007 година се пониски за 12,1 милион евра. Намалувањето се должи пред

сè на нето-одливите на девизните депозити на државата и остварената нето-продажба на девизи од страна на НБРМ на девизниот пазар, во услови на зголемено салдо на сметките за задолжителна резерва на банките во девизи[27]. На крајот на март, бруто девизните резерви овозможуваат покриеност од 3,2 месеца на проектираниот увоз на стоки (ф.о.б.) и одливот за услуги од наредната година[28].

Во периодот април-мај 2008 година, надворешнотрговската размена се одвиваше во услови на позабрзан годишен пораст на увозот во однос на извозот на стоки од 39,3% и 17,9%, соодветно. Притоа, зголемувањето на увозот на стоки во најголем дел се должи на зголемениот увоз на инвестициски стоки и полупроизводи (главно железо и челик и нивни производи, електрични машини, возила, опрема) со придонес од 47,5% од вкупниот пораст, а потоа и зголемениот увоз на енергенти, нафта и нафтени деривати и електрична енергија, како комбиниран ефект од зголемени количини и цени. На страната на извозот на стоки, зголемувањето произлезе главно од повисокиот извоз на нафтени деривати и руди. Во однос на проектираните износи за вториот квартал, ваквите движења во размената со странство, се во рамките на ноемвриската проекција, како и на априлската симулација. Имено, според ноемвриската проекција, трговскиот дефицит забележан во овој период од 311,2 милиона евра, претставува остварување од 75,6% од проектираниот износ за вториот квартал. Анализата според априлската симулација[29], покажува дека двете страни од размената се во согласност со проекцијата, со остварување на околу 2/3 од проектираното ниво (66% на страната на извозот и 71% на страната на увозот). Во периодот април - мај 2008 година, во споредба со истиот период од претходната година, продолжи депрецијацијата на РЕДК на денарот, според индексот на цените на производителите на индустриски производи (за 0,8%), наспроти РЕДК на денарот според индексот на трошоците на животот, којшто продолжи да апрецира, но со позабавена динамика (за 1,2%).

Наспроти натамошниот раст на трговскиот дефицит, последните податоци за менувачкото работење за периодот април-мај, укажуваат на забавување на нивната негативна динамика. Така, во овој период е остварен нето-откуп на девизи од менувачкото работење во износ од 97,7 милиони евра, што претставува годишен пад од 18,4% (за вториот квартал е проектирана годишна стапка на пад од 22%). Иако временскиот хоризонт на вакви позитивни поместувања е краток за да се заклучи дали се случува промена на трендот, сепак овие движења укажуваат на постепено стабилизирање на движењата и намалување на притисоците на девизниот пазар. На крајот на мај, бруто девизните резерви забележаа пад од 21,5 милиони евра во однос на крајот на 2007 година, но сепак месечната промена во мај е позитивна, при што на девизниот пазар е остварен нето-откуп на девизи од страна на НБРМ.

[27] На 11.02.2008 година, стапи во сила Одлуката на НБРМ за задолжителна резерва на банки, со која се изврши проширување на опфатот на задолжителната резерва со вклучување на нови категории сметки од билансите на банките.
[28] Според симулацијата на билансот на плаќања изготвена при последната мисија на ММФ во април 2008 година.
[29] Во април 2008 година, во макроекономските проекции направени во ноември 2007 година беа вклучени најновите макроекономски податоци, со цел да се согледаат нивните можни влијанија до крајот на годината.

Табела 1
Селектирани платнобилансни категории и споредба со проекциите

| | 2008 | 2008 | Кв.1 2008 | Кв.1 2008 | Кв.2 2008 | | Кв.3 2008 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | април-мај | проекција ноември 2007 | симулација април 2008 | проекција | симулација | проекција | симулација |
| (во милиони евра) | остварено | остварено | отстапување во % | | ноември | април | ноември | април |
| **Тековна сметка** | **-188** | | 66.8 | 52.3 | **-79** | **-155** | **11** | **-10** |
| Стоки (нето) | -371 | -278 | 16.8 | 7.6 | -367 | -340 | -344 | -314 |
| Извоз | 611 | 488 | -0.4 | -1.5 | 675 | 743 | 710 | 781 |
| Увоз (ф.о.б.) | -982 | -766 | 5.4 | 1.7 | -1,043 | -1,083 | -1,054 | -1,096 |
| Услуги (нето) | -1 | | -111.9 | -111.6 | 2 | 18 | 15 | 26 |
| Доход (нето; вклучувајќи нето камата) | 7 | | -119.8 | -76.2 | 12 | -65 | 5 | -29 |
| Тековни трансфери (нето) | 176 | | -25.8 | -4.8 | 274 | 232 | 335 | 308 |
| Приватни трансфери | 168 | 98 | -23.7 | 0.2 | 257 | 215 | 318 | 291 |
| од кои нето-ефектива | 104 | 98 | -31.8 | 4.1 | 182 | 139 | 240 | 210 |
| **Капитална и финансиска сметка** | **180** | | 15.9 | 54.8 | **159** | **155** | **149** | **98** |
| Капитална сметка (нето) | -1 | | -80.7 | -51.8 | -5 | -3 | -5 | -10 |
| Финансиска сметка | 181 | | 12.9 | 53.0 | 164 | 158 | 154 | 108 |
| Директни инвестиции | 128 | | 60.0 | 11.0 | 64 | 50 | 71 | 70 |
| Портфолио инвестиции | -8 | | -123.7 | - | 28 | 5 | 31 | 5 |
| Долгорочни кредити и заеми, нето | -2 | | -108.3 | -168.3 | 80 | 75 | 68 | 73 |
| Користења | 38 | | -51.4 | -57.3 | 121 | 115 | 122 | 110 |
| Отплати | -40 | | -20.1 | -52.9 | -40 | -40 | -54 | -37 |
| **Промена во бруто девизни резерви (зголемување: -)** | **12** | **9** | -128.1 | 85.4 | **-80** | **0** | **-160** | **-88** |

И покрај првичните очекувања (во ноември 2007) за дефицит од околу 80 милиони евра во тековната сметка во вториот квартал на 2008 година, побрзиот раст на увозот и падот на приватните трансфери укажуваат на значително повисок дефицит во тековната сметка во износ од 155 милиони евра, што во целост се очекува да биде покриен од приливите во капитално-финансиската сметка, при што не се очекува квартална промена кај бруто девизните резерви.

Според априлската симулација, во третиот квартал на 2008 година, дефицитот на тековната сметка се очекува значително да се намали и да изнесува 10 милиони евра, во услови на поволни движења кај сите подбиланси во однос на претходниот квартал. Имено, кај трговскиот дефицит се очекува намалување како резултат на зголемениот извоз, согласно со сезонската динамика, а при очекуван побавен пораст кај увозот на стоки, согласно со динамиката на увозот заради доработка, иако треба да се има предвид дека можниот натамошен пораст на цената на енергијата може неповолно да се одрзи врз трговското салдо. Кај услугите се очекува суфицит, како резултат на туристичката сезона, додека кај доходот повторно се проценува негативно салдо, пред сѐ заради очекувањата за исплата на дивиденди врз основа на странски директни инвестиции. Кај приватните трансфери се очекува подобрување во однос на претходниот квартал, при што е проектирана пониска годишна стапка на пад на нето-ефективата од 10%, со оглед на тоа што за овој квартал е карактеристичен повисок нето-откуп на девизи во однос на другите квартали од годината. Кај капитално-финансиската сметка се очекуваат девизни приливи од речиси 100 милиони евра, главно од задолжувањата во странство врз основа на долгорочни кредити и од странски директни инвестиции. Во услови на вакви движења во билансот на плаќања, во третиот квартал се очекува пораст на бруто девизните резерви.

## 1.5. Инфлација

Инфлациските притисоци започнати од последниот квартал на 2007 година, продолжија и во текот на првите два квартала од 2008 година и беа главно условени од поскапувањето на цените на храната и нафтените деривати. Така, во **првиот квартал на 2008 година,** нивото на потрошувачките цени беше за 4,1% повисоко во споредба со претходниот квартал, главно поради растот на цените на прехранбените производи. Поради тоа, како и поради ниската споредбена основа, просечната годишна стапка на инфлација во

првиот квартал на 2008 година беше посилна и достигна 9,5% (76% од порастот се должи на поскапувањето на производите за исхрана).

*Забавување на кварталниот раст на цените во македонската економија во вториот квартал на 2008 година*

Општото ниво на цените во македонската економија продолжи да расте и во текот на **вториот квартал на 2008 година**, но со значително поумерени месечни стапки на раст во однос на интензитетот во претходниот квартал. Така, во вториот квартал од 2008 година, цените забележаа дополнителен квартален пораст од 1,4%. Најголем дел, односно 40% од овој пораст се должи на повисоките цени на храната (за 1,5% во однос на претходниот квартал), коишто во услови на значајно намалување на цените на свежиот зеленчук (за 13%), произлегуваат првенствено од повисоките цени на свежото овошје (29%), растителните масти (7,6%) и преработеното млеко (5%). Во вториот квартал, цените на горивата беа повисоки за 8,4% во однос на претходниот квартал (под влијание на постојаниот силен раст на цените на суровата нафта на светските берзи) и нивниот пораст услови значајни 22% од вкупниот ценовен раст во кварталот. Помалку значаен пораст е забележан и кај цените на храната и пијалаците во угостителските објекти, обувките и малопродажните цени на пијалаците, додека повисокото ниво на цените на греењето се должи на пониската споредбена основа од претходниот квартал[30]. Намалувањето на цените на лековите имаше поизразено дефлациско влијание во вториот квартал, согласно со воведувањето единствени цени на лековите од февруари 2008 година, како дел од реформите во здравството.

Графикон 42
Придонес на одделни категории производи за кварталната стапка на инфлација во вториот квартал на 2008 година
(придонеси во п.п.)




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

*Годишната стапка на инфлација во вториот квартал на 2008 година достигна 10%*

Натамошниот, иако поумерен ценовен раст, во услови на ниска споредбена основа од претходната година, услови благо засилување на просечната годишна стапка на раст на цените, којашто во вториот квартал на 2008 година достигна 10%. Повисоките цени на храната (за 19,5%) сочинуваат 75% од годишната инфлација во кварталот, а значително помал е придонесот од повисоките цени на горивата (8,4%), при што треба да се истакне засилениот раст на горивата во вториот во однос на првиот квартал (22% наспроти 18,4% годишно). Во рамки на производите за исхрана, најголем придонес

[30] Цената на топлинската енергија за греење беше зголемена во февруари 2008 година.

имаат повисоките цени на житните производи (лебот и печивата), на свежото и преработеното млеко, маслото за јадење, свежото овошје и свежиот зеленчук. Пониско ниво на цените е забележано кај телекомуникациските услуги (поради зголемената конкуренција во овој сектор), како и кај сообраќајните услуги и цените на лековите (заради пониската стапка на ДДВ од октомври 2007 година [31]).

Графикон 43
Придонес на одделни категории од инфлацискиот индекс за годишната стапка на инфлација во вториот квартал на 2008 година
(придонеси во п.п.)




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Во првите пет месеци на 2008 година, увезените количини на производите за исхрана бележат благ пораст (од 3,6%), во однос на истиот период од 2007 година, во услови на зголемено домашно производство и истовремено намалени извезени количини на овие производи. Значајно е да се истакне значителното забавување на годишната стапка на раст на количинскиот увоз, во однос на интензитетот забележан во текот на 2007 година. За споредба, само во последниот квартал на 2007 година увезените количини на храна забележаа годишна стапка на раст од околу 50%. Во услови на натамошен раст на увозните цени, намалените увезени количини упатуваат на тоа дека влијанието на увозните врз домашните цени од почетокот на оваа година е помал.

[31] Со одлука на Владата е извршено намалување на данокот на додадена вредност на лековите, медицинските и ортопедските помагала, како и на компјутерската опрема и јавниот превоз, од 18% на 5%, со примена од октомври 2007 година.

Графикон 45
Годишна промена на увозните цени и увезената количина на производите за исхрана во периодот јануари - мај 2008 година
(во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Од аспект на динамиката, треба да се истакне дека во вториот квартал од 2008 година е забележано одредено смирување на инфлацијата, што се согледува главно во месечната динамика. Имено, во вториот квартал од 2008 година, месечните промени на инфлацијата (прилагодени за сезонските влијанија), во просек, се на нивото од истиот квартал од претходната година, за разлика од просечната месечна промена во првиот квартал од 2008 година којашто повевеќекратно ја надмина соодветната промена од првиот квартал во 2007 година. Годишните стапки на инфлација во првата половина од 2008 година се под големо влијание на ниската споредбена основа од минатата година и дури во втората половина од годината може да се очекува позабележително намалување.

**Во првата половина од 2008 година,** просечната стапка на инфлација изнесува 9,7%. Базичната стапка на инфлација изнесува 2,8% во истиот период, при стабилно ниво од 2,8% во двата квартала. Иако повисоката базична инфлација забележана од почетокот на оваа година[32] упатува на присуство на ефекти од зголемената побарувачка и индиректен ефект од порастот на цените на енергијата и другите влезни елементи (инпути) врз инфлацијата, нејзиното одржување на стабилно ниво претставува охрабрувачки сигнал дека ваквите влијанија засега не бележат засилување. Монетарната политика со преземените мерки настојува да го спречи пренесувањето на првичните ефекти од храната и енергијата врз инфлацијата на среден и долг рок.

[32] Во 2007 година, базичната инфлација изнесуваше само 0,7%.

Графикон 44
Остварена и базична инфлација

(просечни стапки, во %)




(годишни стапки, во %)




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

***Повисоки инфлациски очекувања на економските субјекти во РМ за до крајот на 2008 година***

Инфлацијата забележана во вториот квартал на 2008 година главно соодветствува со инфлациските очекувања на економските субјекти анкетирани во почетокот на кварталот[33]. До крајот на 2008 година, тие очекуваат инфлацијата да изнесува, во просек, помеѓу 9% и 10% (според анкетата спроведена во претходниот квартал, очекуваната стапка на инфлацијата за 2008 година изнесуваше околу 6%).

Графикон 45
Инфлациски очекувања во тековниот квартал за просечната стапка на инфлација во годината и остварена просечна инфлација за годината заклучно со тековниот квартал

(во %)




Извор: Анкета за инфлациските очекувања и пресметки на НБРМ; ДЗС.

Стапката на инфлација остварена во вториот квартал на 2008 година е пониска од очекуваната (според априлската симулација), што се должи на пониските остварувања кај цените на храната во последните два месеца од кварталот, и покрај повисоките остварени цени на нафтата во однос на очекуваните. Во текот на следниот квартал се очекува нивото на цените на храната да опаѓа на месечна основа, што би се одразило со постепено намалување на годишната инфлација. Сепак, неизвесноста околу натамошното движење на цените на храната и нафтата на светски берзи и нивното влијание врз домашните цени останува главниот ризик во поглед на инфлацијата.

[33] Податоците за инфлациските очекувања се според резултатите од Анкетата за инфлациски очекувања на субјектите во Македонија спроведена во почетокот на вториот квартал на 2008 година.

Графикон 46
Движење на цените на домашните производители
(индекси, просек 2005=100)




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ. Податоците за второто тримесечје од 2008 се однесуваат на периодот април-мај 2008 година.

***Засилување на инфлациските притисоци од домашните производители***

Во првиот квартал на 2008 година, цените на производителите на индустриски производи достигнаа висока годишна стапка на раст од 10,5%. Високиот пораст на овие цени главно е резултат на повисоките цени на производителите на нафтени деривати и на прехранбените производи и пијалаци. Значајниот пораст на цените на домашните производители, забележан кај групите на производи коишто се составен дел на потрошувачката на домаќинствата (енергија и производи за широка потрошувачка), упатува на засилување на инфлациските притисоци од домашните производители од почетокот на годината. Ваквиот тренд кај цените на домашните производители продолжува и во првите два месеца од вториот квартал на 2008 година, со висока годишна стапка на раст од 12,6%.

***Пораст на трошоците по единица труд***

На годишна основа, во првиот квартал на 2008 година, номиналните трошоци по единица труд бележат пораст, поради присуството на основниот ефект што произлегува од натамошниот висок номинален пораст на бруто-платите. Ваквите движења упатуваат на присуство на инфлациски притисоци од реалниот сектор на економијата, имајќи предвид дека платите претставуваат влезен елемент во градењето на цената на производите од домашните производители, но значајно е што овие притисоци не се засилуваат со оглед на намалувањето на номиналните трошоци по единица труд на квартална основа.

Графикон 47
Инфлација и трошоци по единица труд во економијата
(индекси, 2004=100)




Извор: Пресметки на НБРМ.

## II. Монетарна политика

***Натамошното засилување на инфлацијата во првиот квартал на 2008 година...***

***...услови промени во поставеноста на монетарната политика***

Растечките инфлациски притисоци и инфлациските очекувања, како и зголемената надворешна нерамнотежа (во услови на продлабочување на трговскиот дефицит, пад на приватните трансфери и одливи на портфолио-инвестиции) и во првиот квартал на 2008 година создадоа притисоци на девизниот пазар. Иако повисокото ниво на цени и растот на трговскиот дефицит, во голема мера се должат на фактори на страната на понудата, сепак порастот на платите и кредитната експанзија укажуваат на придонес и на домашната побарувачка за продлабочување на нерамнотежата. Ваквите притисоци од страната на побарувачката, ризиците од секундарните ефекти од инфлацијата на краток и среден рок, како и очекувањата за понатамошно влошување во надворешниот сектор наметнаа потреба од позначајни промени во монетарната политика. Така, на 19.02.2008 година, НБРМ премина од „тендер со каматни стапки“ на аукциите на благајнички записи на принципот „тендер со износи“ (неограничен) и фиксна каматна стапка, преку кој се дава јасен сигнал за насоката на монетарната политика. Референтната каматна стапка на НБРМ, од 5,08%, колку што изнесуваше на последната аукција пред промената на тендерот, беше зголемена на 5,25%, а на 06.03.2008 година беше дополнително зголемена на 6%.

Графикон 48
Каматна стапка на благајнички записи на НБРМ и инфлација
(во %, на годишно ниво)




*Тековниот месец во однос на истиот месец од претходната година.
Извор: Народна банка на Република Македонија и Државен завод за статистика.

Графикон 49
Каматни стапки*
(во %, на годишно ниво)



| | Кв. 3 2006 | Кв. 4 | Кв. 1 2007 | Кв. 2 | Кв. 3 | Кв. 4 | Кв.1 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КСБЗ | 5,48 | 5,65 | 5,48 | 5,01 | 5,03 | 4,74 | 5,30 |
| КСДЗ-3 месеци | 6,04 | 6,21 | 6,44 | 5,99 | 4,85 | 5,13 | 5,31 |
| Максимална камата на ДЗ - 3 месеци* | 6,85 | 6,85 | 6,85 | 5,60 | 4,00 | | |

Графикон 50
Каматна разлика помеѓу благајничките записи на НБРМ - 28 дена и ЕУРИБОР - еден месец
(во процентни поени)



*Просек за кварталот од просечната пондерирана каматна стапка, освен за максималната каматна стапка, којашто се однесува на каматата на последната аукција во кварталот. Во октомври 2007 година, Министерството за финансии ги укина максималните каматни стапки и воведе шпекулативен процентуален поен, којшто беше одреден на ниво од 0,02 за тримесечните државни записи.
КСБЗ - каматна стапка на благајнички записи.
КСДЗ - 3 месеци - каматна стапка на тримесечни државни записи.
Извор: Народна банка на Република Македонија, Министерство за финансии и Централна банка на Холандија (www.statistics.dnb.nl).

*Значително проширување на каматната разлика*

Во споредба со претходниот квартал, каматната стапка на благајничките записи на НБРМ, во просек беше повисока за 0,6 процентни поени во првиот квартал на 2008 година. Ваквите движења придонесоа за значајно проширување на каматната разлика помеѓу благајничките записи и едномесечниот ЕУРИБОР (1,1 процентен поен во просек во првиот квартал, наспроти 0,3 процентни поени во претходниот квартал), што значи и зголемена привлечност на финансиските инструменти во домашна валута. Каматната стапка на тримесечните државни записи оствари квартален пораст од 0,2 процентни поена во однос на просекот од претходниот квартал.

Графикон 51
Достасан износ, побарувачка и каматна стапка на благајнички записи на НБРМ
(просеци во кварталот)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Повлекување ликвидност преку автономните фактори, освен готовите пари во оптек***

Во првиот квартал, ликвидните средства на банките кај НБРМ забележаа пад, во однос на крајот на претходната година. Ваквото намалување на ликвидноста е комбиниран ефект од нето-продажбата на девизи на НБРМ на девизниот пазар во јануари (во наредните два месеца немаше интервенции) и високиот буџетски суфицит, што доведе до кумулирање средства на денарската сметка на државата кај НБРМ. Креирање ликвидност се изврши единствено преку готовите пари во оптек, согласно со вообичаената сезонска стабилизација на побарувачката на готови пари во првиот месец од годината. Вака повлечената ликвидност, делумно беше надоместена преку монетарните инструменти (благајнички записи и државни записи за монетарни цели), при што во согласност со постепеното намалување на понудата на државните записи за монетарни цели, во рамки на инструментите беше извршена прераспределба на средствата во насока на вложување во благајнички записи (на аукциите на благајнички записи на НБРМ одржани во првиот квартал, банките побаруваа износ повисок за 2,1%, во просек, во однос на достасаниот).

Табела 1
Креирање и повлекување ликвидност*
(во милиони денари)

| | 31.12.2007 година | Промени по месеци | | | Вкупно | 31.03.2008 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | јануари | февруари | март | | |
| **Ликвидни средства на банките (сметка на банките кај НБРМ)** | **10.415** | -1.172 | -176 | -1.196 | **-2.544** | **7.871** |
| ***Креирање ликвидност*** | | | | | **2.190** | |
| 1. Готови пари во оптек | 17.936 | 1.517 | 182 | 491 | 2.190 | 15.746 |
| ***Повлекување ликвидност*** | | | | | **-4.734** | |
| 1. Нето домашна актива | -64.034 | -3.329 | -894 | 433 | -3.790 | -67.824 |
| *од тоа:* | | | | | | |
| Благајнички записи на НБРМ | -20.995 | -586 | -597 | 492 | -691 | -21.686 |
| Државни записи за монетарни цели | -4.560 | 1.524 | 1.080 | 180 | 2.784 | -1.776 |
| Денарски депозити на државата кај НБРМ /1 | -9.846 | -2.469 | -223 | -3.019 | -5.711 | -15.557 |
| Девизни депозити на државата кај НБРМ | -5.593 | 51 | 155 | 230 | 436 | -5.157 |
| Останати ставки, нето | -24.105 | -1.850 | -1.309 | 2.550 | -609 | -24.714 |
| 1. Нето девизна актива | 94.343 | 596 | 509 | -1.961 | -856 | 93.487 |
| 2. Готовина во благајна на банките | 1.958 | 44 | 27 | -159 | -88 | 2.046 |

/1 Исклучени се државните записи за монетарни цели.

* Позитивна промена - креирање ликвидност; негативна промена - повлекување ликвидност.

Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 52
Инструменти на монетарната политика и автономни фактори на креирање и повлекување ликвидност*
(месечни промени во милиони денари)




*Позитивна промена - креирање ликвидност; негативна промена - повлекување ликвидност.

Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Повисока просечна дневна ликвидност на банките во првиот квартал на 2008 година*

Вишокот на издвоени ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)[34], во првиот квартал на 2008 година изнесуваше 3%, во просек, наспроти 8,5% во претходниот квартал и 6,9% во првиот квартал на 2007 година. На 11.02.2008 година стапи во сила Одлуката за задолжителна резерва (донесена на 27.12.2007 година) со која се изврши проширување на основата за пресметување на обврската за задолжителна резерва со вклучување нови категории на сметки од билансите на банките, при што позначајно зголемување беше забележано кај обврската за задолжителна резерва во девизи. Обемот на тргување на меѓубанкарскиот пазар на пари, во првиот квартал забележа пораст и во однос на претходниот квартал се зголеми во просек за 44,3%.

Графикон 53
Дневна динамика на ликвидноста на банките*
(во милиони денари)




* Сметка на банките кај НБРМ.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Дополнително зголемување на каматната стапка на благајничките записи во мај 2008 година...*

Задржувањето на трендот на раст на инфлацијата, инфлациските очекувања и интервенциите со нето-продажба на девизи на девизниот пазар во април (по двомесечен прекин), укажа на ризикот од натамошно засилување на инфлацијата, подгревање на инфлациските очекувања и притисоци врз стабилноста на девизниот курс. Истовремено продолжи и наглиот раст на потрошувачките кредити, што во комбинација со побрзиот номинален раст на платите во однос на продуктивноста придонесуваат во продлабочувањето на надворешните дебаланси. Ваквите движења наметнаа потреба од дополнителна монетарна реакција, при што на 07.05.2008 година НБРМ ја зголеми каматната стапка на благајничките записи од 6% на 7%.

[34] Период на одржување (исполнување) на обврската за задолжителна резерва на банките се смета периодот од 11. ден во тековниот месец до 10. ден во следниот месец. Вишокот се однесува на вишок издвоени средства на сметката на банките кај НБРМ над обврската за задолжителна резерва.

Графикон 54
Придонес во кварталниот пораст на примарните пари
(во процентни поени)




* Промена мај 2008 година / март 2008 година.
** Се однесува на априлската симулација.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

Ефектите од промените во монетарната политика, во најголема мерка дојдоа до израз во текот на мај 2008 година. Така, за разлика од претходните два месеци, кога благајничките записи делуваа во насока на креирање ликвидност, во мај 2008 година, преку овој монетарен инструмент беа стерилизирани вкупно 2.582 милиона денари. Воедно, во текот на овој месец, дојде до промена на состојбата на девизниот пазар во насока на зголемена понуда на девизи, при што за првпат од почетокот на годината, НБРМ оствари нето-откуп на девизни средства. Сепак, согласно со остварената повисока нето-продажба на девизи во април, збирниот ефект од девизните трансакции на НБРМ беше во насока на повлекување примарни пари. Креирање ликвидност се изврши и преку намалувањето на денарските депозити на државата кај НБРМ, при што во мај 2008 година примарните пари[35] се зголемија за 3,7% во однос на крајот на претходниот квартал. На годишна основа (мај 2008 година / мај 2007 година) примарните пари се повисоки за 16% и во однос на ноемвриската проекција за крајот на вториот квартал бележат надолно отстапување од 6,6 процентни поени. Ваквата динамика на примарните пари претставува комбиниран ефект од пониската нето-девизна актива на НБРМ (проектиран нето-откуп на девизи во првата половина на годината) и повисоката нето-позиција на државата кај НБРМ од проектираната, што услови нето-емисија на ликвидност преку монетарните инструменти (наспроти проектираната стерилизација). Во однос на априлската симулација, отстапувањето кај примарните пари е помало. За крајот на третиот квартал, согласно со априлската симулација, се очекува годишен раст на примарните пари од 19,9%.

*...и стабилизирање на девизниот пазар*

[35] Вклучува задолжителна резерва на девизните депозити. Без оваа компонента, примарните пари, на кумулативна основа се повисоки за 4%, додека на годишна основа се повисоки за 11,8%.

## 2.1. Монетарни и кредитни агрегати

***Забавување на растот на монетарните агрегати***

Во првиот квартал на 2008 година дојде до забавување на кварталната стапка на раст на **паричната маса М4**, што претставува вообичаена квартална динамика и соодветствува со сезонски, значително побавната економска активност во првиот квартал, во споредба со последниот квартал на претходната година. Сепак, забавувањето на кварталниот раст од 8,8% во декември 2007 година на 1,3% во март 2008 година е невообичаено интензивно и делумно може да се објасни со намалувањето на нето девизните приливи во економијата во овој период (коишто создаваат дополнителна понуда на пари) и високиот буџетски суфицит. На годишна основа, паричната маса М4 е повисока за 25,3%, што е најнизок годишен раст од почетокот на 2007 година (наспроти ноемвриската проекција за крајот на март од 30,7%).

Графикон 55
Монетарен мултипликатор на паричната маса М4 и неговите компоненти
(квартални просеци)




Графикон 56
Придонес во кварталниот пораст на паричната маса М4
(во процентни поени)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 57
Компоненти на монетарните агрегати
(во милиони денари)




Графикон 58
Учество на готовите пари во оптек во паричната маса М1 и тренд-линија




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Анализирано од структурен аспект, умереното проширување на најшироката парична маса во првиот квартал првенствено беше резултат на порастот на краткорочните депозити, како нејзина доминантна компонента. Пораст на квартална основа оствари и долгорочните депозити, додека готовите пари во оптек и депозитните пари имаа негативен придонес. Притоа, посилно намалување забележаа готовите пари во оптек, што придонесе за натамошно

намалување на нивното учество во структурата на монетарниот агрегат М1 (37,4% во просек, наспроти 41% во четвртиот квартал на 2007 година и 44,4% во првиот квартал на 2007 година).

Графикон 59
Придонес во кварталниот пораст на вкупните орочени депозити
(во %)




*Вклучени се и депозитите по видување.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Квартален пораст на вкупните депозити кај банките, без депозитни пари***

Во првиот квартал на 2008 година, **вкупните депозити (без депозитни пари)** кај банките остварија квартален пораст од 4,2% (6,4% во претходниот квартал). Притоа, главна карактеристика на движењата на штедните депозити во овој квартал беше значително побавниот раст на денарските депозити, наспроти растот на депозитите во странска валута. Така, девизните депозити учествуваа со 71,3% во новосоздадената депозитна база во првиот квартал, што е значајно поместување во однос на претходната година, кога денарските депозити објаснуваа 71,9% од годишниот раст (декември 2007 / декември 2006 година) на вкупните депозити. Промената на изборот на валутата во која се штеди делумно може да се објасни со растот на инфлацијата и инфлациските очекувања, како и со неизвесното окружување во овој период, како фактори што ја зголемуваат побарувачката за странска валута.

Графикон 60
Сооднос денарски*- девизни депозити




* Ги вклучува депозитните пари.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

Од аспект на рочната структура на депозитите, во првиот квартал на 2008 година не се забележани позначајни промени. Така, доминантен придонес во нивниот пораст имаа краткорочните депозити, чијашто квартална промена објаснува 76,5% од порастот. Учеството на долгорочните депозити и натаму е ниско, но со

тенденција на пораст (8,1% во просек во првиот квартал на 2008 година, наспроти 7,7% во претходниот квартал), што соодветствува со привлечните каматни стапки на штедните инструменти. На годишна основа (март 2008 година / март 2007 година)[36], вкупните депозити на приватниот сектор кај банките се повисоки за 25,6%.

Графикон 61
Депозити на населението и претпријатијата
(во милиони денари)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Забавување на растот на депозитите на населението...*

Во услови на зголемена неизвесност и раст на инфлацијата и инфлациските очекувања, во првиот квартал на 2008 година кај секторот „население" е забележано значајно намалување на склоноста за штедење во банкарскиот сектор, што делумно може да е последица на тековите на креирање на паричната маса и инфлаторните притисоци во економијата. Така, вкупните депозити на населението остварија квартален пораст од 2,5%, наспроти 6,9% во претходниот квартал и 6,1% во првиот квратал од 2007 година. Покрај забавеното темпо на раст на новите депозити, во овој квартал беше забележано и преориентирање кон девизни депозити, што се потврдува со кварталниот пад на депозитите во домашна валута. Притоа, најсилен квартален раст (во апсолутни износи) беше забележан кај краткорочно орочените девизни депозити од шест месеци до една година и девизните депозити над една година. На годишна основа (март 2008 година / март 2007 година), вкупните депозити (заедно со депозитите по видување) на населението се повисоки за 26,3%.

[36] Од октомври 2007 година, податоците за вкупните депозити и кредити на банките се без „Македонска банка" АД Скопје (на која на 16.10.2007 година, НБРМ ѝ ја укина дозволата за основање и работење на банка), што се одразува на годишните споредби.

Графикон 62
Структура на депозитите на населението
(просечно учество во првиот квартал на 2008 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*...при истовремен засилен пораст на депозитите на претпријатијата*

Во првиот квартал на 2008 година, кај депозитите на претпријатијата беше забележан интензивен квартален пораст од 8,5% (наспроти 1,9% во претходниот квартал), што претставува 58,5% од растот на вкупните депозити и делумно ја одразува зајакнатата економска активност, како и кумулирањето на средства на компаниите пред исплати на дивиденди кон акционерите. Во услови на недоволно развиен финансиски пазар и недиверзифицирана понуда на финансиски инструменти, банкарските депозити и натаму остануваат привлечна опција за инвестирање на слободните парични средства на претпријатијата. Притоа, најголем дел од средствата беа депонирани во форма на орочени денарски депозити до три и до еден месец, а позначаен пораст забележаа и орочените девизни депозити до една година. Годишната стапка на пораст на депозитите на корпоративниот сектор изнесува 21,3% во март 2008 година.

Графикон 63
Структура на депозитите на претпријатијата
(просечно учество во првиот квартал на 2008 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Силен квартален пораст на вкупните кредити на банките кај приватниот сектор*

Во првиот квартал од 2008 година, стапката на раст на **вкупните кредити на банките** кај приватниот сектор порасна до 9,7% на квартална основа (7,9% во претходниот квартал), додека на годишна основа (март 2008 година / март 2007 година) достигна 42,2%, што претставува надминување на ноемвриската проекција (37,5%). Со тоа, кредитниот раст останува еден од основните фактори со експанзивно дејство врз понудата на пари во економијата, којшто може да биде потенцијален причинител на макроекономски дебаланси

на среден и долг рок. Имено, иако деловниот сектор и натаму е главниот корисник на банкарските кредити, во текот на целата 2007 година, како и во првите три месеци на 2008 година, кредитите на населението постојано остваруваа високи стапки на раст, зголемувајќи го своето учество во вкупното кредитно портфолио. Во услови кога голем дел од кредитирањето на секторот „население“ се должи на растот на потрошувачките кредити, ваквото финансирање на личната потрошувачка дополнително ги поттикнува инфлациските притисоци, а придонесува и за влошување на тековната сметка на билансот на плаќања.

Графикон 64
Квартални промени на одбрани монетарни показатели
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

За првиот квартал од 2008 година беше карактеристична и подготвеноста на банките за задоволување на кредитната побарувачка на приватниот сектор, што се согледува со расчленувањето на билансот на банкарскиот сектор. Така, во услови на послаб раст на депозитниот потенцијал, е забележано значајно намалување на девизната позиција на банкарскиот систем во полза на пораст на кредитното портфолио. Притоа, и во текот на овој квартал, најсилно беше кредитирањето во домашна валута (вклучително и денарски кредити со девизна клаузула), чиј пораст објаснува 89,1% од кварталната промена на вкупните кредити. Во рамки на рочната структура, придонесот на краткорочните и долгорочните кредити беше речиси доведен во рамнотежа. Ваквите остварувања отстапуваат од движењата во претходната година, кога доминира кредитирањето на долг рок. Од аспект на секторската алокација на одобрените кредити, во првиот квартал, банките пласираа финансиски средства и кај населението и кај корпоративниот сектор (придонес во растот од 42,1% и 57,9%, соодветно).

Графикон 65
Придонес во кварталниот пораст на вкупните кредити
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Квартален пораст на кредитите на населението...***

На крајот на март 2008 година, вкупните кредити на населението се зголемија за 10,6%, во однос на крајот на претходната година, што претставува мало забавување во однос на растот од претходниот квартал (11,6%). Анализата на рочната структура покажува доминација на долгорочното кредитирање на населението, што се потврдува со придонесот на долгорочните кредити од 63,6% за порастот на вкупните кредити на населението во првиот квартал. Притоа, основна компонента на порастот на долгорочните кредити на населението претставуваа денарските кредити за други намени[37], коишто воедно придонесуваат со 48,5% во порастот на вкупните кредити на населението. Пораст оствариja и краткорочните кредити на населението, којшто во најголем дел беше предизвикан од повисокото ниво на одобрени рамковни кредити[38] (со придонес од 77,7% во порастот на вкупните краткорочни кредити на населението). Годишниот раст на кредитите на населението изнесува 58,9% во март 2008 година, при што нивното учество достигна 39%, односно 4,1 процентен поен повеќе во однос на март 2007 година.

Графикон 66
Распределба на денарските кредити на населението по одделни видови кредити
(во милиони денари)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

[37] Кредитите за други намени вклучуваат: потрошувачки кредити, станбени кредити, кредити за автомобили, кредити за школување и кредити за други намени.
[38] Негативни салда по тековни сметки.

*... при натамошен раст на корпоративното кредитирање*

Вкупните пласмани на претпријатијата во првиот квартал на 2008 година забележаа квартален пораст од 9,2%, придонесувајќи со 57,9% за порастот на вкупните пласмани. Притоа, зголемените потреби за финансирање на инвестициите во основни средства и инвестициите во залихи и обртен капитал, како и потребата од преструктуирање на долгот, претставуваа главни фактори со придонес во насока на зголемување на побарувачката на кредити од страна на корпоративниот сектор[39]. Анализирано од аспект на рочната и валутната структура, најголем дел од пласираните кредити кај корпоративниот секотор беа во форма на денарски кредити[40] и кредити на краток рок, чиј пораст објаснува 86,4%, односно 55,9% од порастот на вкупните кредити на претпријатијата, соодветно. На годишна основа (март 2008 година / март 2007 година), вкупните кредити на претпријатијата се повисоки за 33%.

Графикон 67
Придонес во кварталниот пораст на кредитите на претпријатијата
(во процентни поени)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Растот на монетарните агрегати продолжува и во вториот квартал на 2008 година, но со забавена динамика....*

Забавениот раст на паричната маса М4 продолжи и во првите два месеци на вториот квартал на 2008 година, при што годишната стапка на монетарен раст во мај забави до 22,9% што претставува негативно отстапување од 6,6 процентни поени во однос на ноемвриската проекција за вториот квартал. Од аспект на априлските симулации, во услови на неостварена претпоставка за исплата на дивидендата на една поголема компанија кон државата и репатријација на заостаната дивиденда кон странски инвеститор, вакviот монетарен раст е повисок во однос на проектираниот за 4,5 процентни поени. Во поглед на структурата, растот на паричната маса и понатаму произлегува од краткорочната денарска компонента[41], чиешто учество во порастот на паричната маса во мај изнесува 58,2%. На крајот на третиот квартал на 2008 година, според априлските симулации, монетарниот раст би изнесувал околу 21% на годишно ниво.

[39] Согласно со резултатите од Анкетата за кредитна активност на банките за април 2008 година.
[40] Ги вклучуваат и денарски кредити со девизна клаузула.
[41] Краткорочната денарската компонента вклучува краткорочни денарски депозити и трансакциски депозити.

Табела 2
Одбрани монетарни показатели и споредба со проекциите

| | 2008 | 2008 | 2008 | Кв.1 2008 | Кв.1 2008 | Кв.2 2008 | | Кв. 3 2008 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Април | Мај | проекција ноември 2007 | симулација април 2008 | проекција ноември | симулација април | проекција ноември | симулација април |
| (во милиони денари) | остварено | остварено | остварено | отстапување во % | | | | | |
| **Парична маса М4** | 177,329 | 181,838 | 185,804 | -4.5 | -0.8 | 201,598 | 184,416 | 215,217 | 195,849 |
| **Вкупни депозити на приватниот сектор** | 162,531 | 166,501 | 170,381 | -3.4 | 0.0 | 183,652 | 167,682 | 197,111 | 178,965 |
| Денарски депозити /1 | 90,102 | 92,227 | 94,482 | -8.1 | 0.2 | 111,156 | 91,658 | 122,388 | 98,984 |
| Девизни депозити | 72,429 | 74,274 | 75,899 | 3.0 | -0.3 | 72,495 | 76,024 | 74,723 | 79,982 |
| **Вкупни пласмани на банките** | 137,050 | 141,870 | 144,910 | 3.5 | 2.2 | 144,193 | 143,654 | 158,829 | 157,339 |
| Денарски пласмани/2 | 105,345 | 108,946 | 111,484 | 3.9 | 2.6 | 111,006 | 110,467 | 123,926 | 122,436 |
| Девизни пласмани | 31,705 | 32,924 | 33,426 | 2.2 | 0.9 | 33,187 | 33,187 | 34,904 | 34,904 |
| **Нето девизна актива на банките** | 12,550 | 13,288 | 13,388 | -7.8 | -18.7 | 12,809 | 13,700 | 10,618 | 11,408 |

/1. Ги вклучуваат и депозитните пари
/2. Ги вклучуваат и денарските кредити со валутна клаузула

Поместувањата во валутната структура на депозитната база во насока на посилен пораст на девизните депозити, карактеристичен за првите три месеци од 2008 година, продолжи и во вториот квартал, главно под влијание на неизвесноста во очекувањата за идното движење на инфлацијата. Притоа, во мај, годишниот раст на депозитите во домашна валута се сведе на 26,8%, што претставува најнизок раст забележан во последните дванаесет месеци.

Графикон 68
Парична маса М4*




Графикон 69
Вкупни кредити на приватен сектор*




*Априлска симулација.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

*...при забележан натамошен раст на кредитната понуда*

Постојаната кредитна експанзија, карактеристична за првиот квартал на 2008 година, дополнително се засили и во април, кога годишниот кредитен раст порасна до 44,1%. Во мај, е забележано мало ублажување на стапката на раст на кредитните пласмани (43,4%), што во однос на ноемвриската проекција за крајот на вториот квартал е повисоко за 0,5% (и воедно повисоко за 0,9% во однос на априлските симулации). Имајќи ги предвид ваквите движења, на 12.06.2008 година НБРМ презеде мерка насочена кон сопирање на прекумерниот кредитен раст на банките. Станува збор за одлука за задолжителен депозит кај НБРМ, со која банките се должни да издвојат задолжителен депозит доколку на крајот на секој месец, во однос на 31.05.2008 година, остварат повисок раст на кредитите на населението од дозволените стапки на раст утврдени со оваа одлука. Во третиот квартал се очекува оваа одлука да доведе до забавување на стапката на кредитен раст.

## 2.2. Каматни стапки

Растечките инфлациски притисоци и надворешните дебаланси во економијата во првиот квартал наметнаа потреба од монетарната реакција, изразена преку воведување „тендер со износи“ кај аукциите на благајнички записи во февруари и воедно со зголемување на

каматната стапка на благајничките записи (на 5,25% и 6% во февруари и март, соодветно). Промените на референтната каматна стапка имаа преносни ефекти и на пазарот на државни хартии од вредност. Од друга страна, намалувањето на активните и зголемувањето на пасивните камати на банките укажа на притисоците од конкуренцијата како доминантен фактор што делува врз каматната политика на банките.

Графикон 70
Реални референтни каматни стапки по земји
(квартален просек, во %)




Извор: Интернет-страници на централните банки.

*Квартален пораст на референтната каматна стапка за 0,6 процентни поени*

Во согласност со промените, каматната стапка на благајничките записи на квартална основа оствари пораст од 0,6 процентни поени и во просек, во првиот квартал изнесуваше 5,3%. Сепак, имајќи го предвид високиот раст на инфлацијата, реалната просечна каматна стапка на квартална основа е негативна (3,8%).

**Прилог 2**
**Преземени мерки на централните банки за одржување на ценовната стабилност и регулирање на ликвидноста**

Постојаното засилување на инфлациските притисоци, како и нестабилноста на меѓународниот финансиски пазар, наметнаа потреба од преземање одредени мерки од страна на централните банки заради спречување на прелевањето на негативните светски економски трендови во нивните земји. Реакциите на централните банки во однос на одржување на ценовната стабилност и стабилноста на банкарските системи беа главно одразени преку промените во референтните каматни стапки, стапката на задолжителната резерва, воведувањето нови инструменти за обезбедување ликвидност, како и преку пруденти мерки во однос на кредитниот раст. Видот на преземените мерки и интензитетот на промената се условени од конкретните макроекономски состојби и следствено се разликуваат од земја до земја.

Земјите од **Централна и Југоисточна Европа**, во првата половина од годината беа главно засегнати од инфлациските притисоци од цените на храната и нафтата. Анализата на референтните каматни стапки на централните банки на дел од земјите од оваа групација од средината на 2007 година наваму, период којшто беше одбележан со зголемени инфлациски притисоци условени од порастот на цените на храната и нафтата на светските пазари, покажува дека најголем број земји ги зголемија референтните каматни стапки (Романија, Бугарија, Чешка,

Унгарија, Србија Хрватска, Албанија), со исклучок на Словачка и Латвија чиишто референтни каматни стапки се задржаа непроменети. Дополнително, централните банки на Бугарија и Босна и Херцеговина одлучија да ја зголемат стапката на задолжителната резерва, и тоа од 8% на 12% и од 15% на 18%, соодветно. Во Црна Гора се преземени и пруденти мерки насочени кон намалување на кредитниот ризик на банките, како и мерка за ограничување на кредитниот раст. Мерки во однос на кредитниот раст беа преземени и во Хрватска, и тоа во однос на заштитата од ликвидносниот ризик и промената на одлуката за упис на благајнички записи со која кредитниот раст се следи одвоено во однос на растот на другите побарувања на банките, како основа за вложување во благајнички записи.

Графикон 71
Референтни каматни стапки на централните банки
(во %)

| | VI.2007 | VII | VIII | IX | X | XI | XII | I.2008 | II | III | IV | V | VI | VII* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Романија | 7.00 | 7.00 | 7.00 | 7.00 | 7.50 | 7.50 | 7.50 | 7.50 | 8.00 | 9.00 | 9.03 | 9.5 | 9,75 | 10 |
| Бугарија | 3.84 | 4.01 | 4.10 | 4.09 | 4.24 | 4.26 | 4.58 | 4.68 | 4.75 | 4.83 | 4.85 | 4.93 | 4.96 | 5.06 |
| Чешка | 2.75 | 3.00 | 3.25 | 3.25 | 3.25 | 3.50 | 3.50 | 3.50 | 3.75 | 3.75 | 3.75 | 3.75 | 3.75 | 3.75 |
| Унгарија | 7.75 | 7.75 | 7.75 | 7.50 | 7.50 | 7.50 | 7.50 | 7.50 | 7.50 | 7.50 | 8,25 | 8,5 | 8.5 | 8.5 |
| Словачка | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 | 4.25 |
| Латвија | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 | 6.00 |
| Србија | 9.50 | 9.50 | 9.56 | 9.75 | 9.72 | 9.50 | 9.57 | 10.00 | 11.50 | 14.50 | 15.25 | 15.75 | 15.75 | 15.75 |
| Хрватска | 3.50 | 3.50 | 3.50 | 3.50 | 3.51 | 3.86 | 4.06 | 4.13 | 4.63 | 4.96 | 4.95 | 5.05 | - | - |
| Албанија | 5.75 | 5.75 | 5.75 | 6.00 | 6.00 | 6.25 | 6.25 | 6.25 | 6.25 | 6.25 | 6.25 | 6.25 | 6.25 | 6.25 |
| Македонија | 4.90 | 5.13 | 5.11 | 4.83 | 4.78 | 4.66 | 4.77 | 4.89 | 5.15 | 5.85 | 6.00 | 6.80 | 7.00 | 7.00 |

*Податоците за референтните каматни стапки во јули се однесуваат за почетокот на месецот.
Извор: Интернет-страниците на централните банки

Од аспект на промените на референтната каматна стапка, реакциите на централните банки на **развиените економии** се различни. Европската централна банка, по една година, на почетокот на јули 2008 година одлучи да ја зголеми референтната каматна стапка за 0,25 процентни поени (при што изнесува 4,25%), како одраз на постојаните инфлациски притисоци, а во услови на остварување стапка на инфлација во првата половина од годината којашто е над среднорочниот таргет. Од друга страна, централната банка на САД постојано ја намалуваше референтната каматна стапка (при последната промена во април таа е сведена на 2%). Воедно, неколкукратно намалување забележа и референтната каматна стапка на Банката на Англија (којашто во април изнесува 5%). Монетарните реакции во овие земји во голема мерка се одраз на очекувањата за негативни ефекти од турбуленциите на финансискиот пазар врз реалниот сектор, односно очекувањата за значително забавување на економскиот раст.

Во услови на турбуленции на меѓународните финансиски пазари, еден од главните предизвици на централните банки е одржувањето соодветно ниво на ликвидност во банкарскиот систем. Според Анкетата за ранг-листа на ризиците во банкарството[42], за првиот квартал на 2008 година, на прво место на ранг-листата е ликвидносниот ризик, а потоа кредитниот ризик. Воедно, ликвидносниот ризик, во последните десет години, за првпат се појавува на оваа ранг-листа. Зголеменото значење на ликвидносниот ризик се должи на намалената вредност на структурираните финансиски производи, што директно ги погоди банките со таков вид на изложеност, а што предизвика индиректен ефект врз останатите

[42] „Banking Banana Skins 2008", Centre for the Study of Financial Innovation, in association with PriceWaterHouseCoopers. Анкетата се однесува на периодот од февруари и март 2008 година, и е спроведена во 38 земји.

финансиски субјекти на зголемена претпазливост во однос на ликвидносната позиција и воздржаност од позајмување. Ваквата состојба услови нерамномерно распределена ликвидност и потреба од интервенции на монетарните власти.

Графикон 72
Стапка на исполнување на обврската за задолжителната резерва
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија и Европска централна банка.

Во последните неколку месеци, во зависност од степенот на развој на финансискиот систем, како и степенот на изложеност на меѓународните економски трендови, централните банки на развиените земји презедоа различни мерки, со цел да ја одржат ликвидноста на проектираното ниво, но и да ја намалат кредитната експанзија во земјата. Така, централните банки на Америка и Англија воведоа „специјална шема на ликвидност" со која се овозможува повремена размена на неликвидни средства на банките со хартии од вредност на централната банка. Европската централна банка, преку политиката на „дистрибуција на понудата на ликвидност на пазарот" („frontloading")[43] настојува да го олесни исполнувањето на обврската за задолжителна резерва на банките на почетокот на периодот на одржување.

Графикон 73
Каматни стапки
(квартален просек, во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Постојаниот пораст на референтната каматна стапка влијаеше и врз каматните стапки на државните записи со сите рокови. Така, на квартална основа, е забележан пораст на просечните каматни стапки на тримесечните, шестмесечните и дванаестмесечните државни записи за 0,2, 0,1 и 0,6 процентни поени, со што изнесуваа

[43] На почетокот на периодот на одржување на резервата се врши зголемување на понудата, а подоцна таа соодветно се намалува, со цел просечната понуда на ликвидност да не се зголеми.

5,3%, 5,4% и 6,1%, соодветно. Министерството за финансии, во средината на март, го промени тендерот на каматни стапки на државни записи со тендер на износи (со фиксна каматна стапка и ограничен износ). На меѓубанкарскиот пазар на пари, во првите три месеци на 2008 година е остварен зголемен просечен квартален промет (за 44,3%). Просечната каматна стапка на меѓубанкарскиот пазар на пари, по повеќемесечно намалување, во март 2008 година, се зголеми на 3,1%, како реакција на зголемувањето на референтната каматна стапка, а трендот на раст беше присутен и во првите два месеци од вториот квартал.

Графикон 74
Просечни краткорочни каматни стапки на НБРМ, просечни каматни стапки на меѓубанкарскиот пазар на пари и на пазарот на државни записи (во %)




*МБКС - меѓубанкарска каматна стапка.
Извор: НБРМ и Министерство за финансии.

***Квартално намалување на активната каматна стапка на банките, при пораст на пасивната каматна стапка***

Растечката конкуренција во банкарскиот систем, како и зголемената ефикасност во работењето на банките, и во првиот квартал на 2008 година придонесоа за стеснување на каматната маргина на банките, преку натамошно намалување на активните каматни стапки ( за 0,2 процентни поена, при што изнесуваат 9,7%) и пораст на каматните стапки на депозитите во банкарскиот систем (за 0,3 процентни поени, при што достигнаа 5,5%). Ваквата каматна политика ја одразува деловната стратегија на банките за зголемување на нивното пазарно учество, како на кредитниот пазар, така и во доменот на мобилизирање на дополнителни примарни извори на финансирање на нивните активности. Воедно, намалувањето на цената на кредитите значи и поддршка на инвестициската активност на претпријатијата, што претставува клучен предуслов за раст на продуктивноста на економијата и создавање услови за подинамични и одржливи стапки на економски раст.

Графикон 75
Активна и пасивна денарска каматна стапка (квартален просек)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Кај населението, пад на активната каматна стапки, при пораст на каматната стапка на депозитите***

Исклучително високиот раст на обемот на кредитирање на населението, како и агресивната политика на дел од банките за зголемување на нивното пазарно учество, доведоа до натамошно стеснување на каматната маргина на овој сегмент и нејзино приближување до каматната маргина кај корпоративниот сектор. Овој заклучок се потврдува и со резултатите од Анкетата за кредитна активност[44], според која најголем број од банките оцениле дека во првиот квартал на 2008 година е забележано намалување на каматната стапка на потрошувачките и станбените кредити, при што конкуренцијата од другите банки и трошоците на финансиските средства и ограничувањата на билансот на состојба се фактори што делумно придонесуваат за релаксирање на кредитните услови.

Графикон 76
Просечна пондерирана денарска активна и пасивна каматна стапка на населението и каматна маргина
(квартален просек, во %)




| | Кв.1 2005 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 2006 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 2007 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| активна каматна стапка | 14.4 | 14.6 | 14.6 | 14.2 | 13.9 | 13.5 | 13.1 | 12.7 | 12.3 | 11.9 | 11.6 | 11.4 | 11.2 |
| пасивна каматна стапка | 4.5 | 4.5 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.6 | 4.8 | 4.9 | 5.2 | 5.2 | 5.4 | 5.6 | 6.0 |
| каматна маргина | 9.9 | 10.0 | 9.8 | 9.5 | 9.1 | 8.9 | 8.3 | 7.8 | 7.1 | 6.8 | 6.2 | 5.8 | 5.2 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Намалување на каматната стапка на кредитите за претпријатијата, при пораст на каматната стапка на нивните депозити***

Во услови на квартален пад на просечната каматна стапка на денарските кредити на населението за 0,2 процентни поени, при пораст на просечната камата на денарските депозити од 0,4 процентни поени, во првиот квартал беше забележано стеснување на каматниот распон на кредитите на населението од 0,6 процентни поени. Иако овој тренд е присутен од 2005 година, сепак тој не се прелеа во намалување на нето каматните приходи на банките од кредитирање на населението, коишто бележат постојан раст, пред сè како резултат на посилниот раст на обемот на кредити пласирани кај населението,

[44] Анкета за кредитна активност, април 2008 година, НБРМ.

наспроти растот на депозитите на населението кај банките. Најголема промена во текот на првиот квартал е забележана кај просечната каматна стапка на краткорочните кредити на населението без валутна клаузула, од 13,9% во последниот квартал на 2007 година, на 12,9% во првиот квартал на 2008 година. Во доменот на пасивните каматни стапки, најголема промена е забележана кај денарските депозити на населението со валутна клаузула над 1 година од 8% во последниот квартал на 2007 година, на 9,3% во првиот квартал на 2008 година.

Политиката на банките за привлекување дополнително штедење, при истовремено нудење пониски цени на кредитите, во првиот квартал на 2008 година беше карактеристична и во однос на корпоративниот сегмент. Во споредба со последниот квартал на 2007 година, поголема промена е забележана кај каматната стапка на долгорочните кредити за претпријатијата со валутна клаузула (просечен квартален пад од 0,4 процентни поени), при што таа изнесува 9%. Според Анкетата за кредитна активност[45], ликвидносната позиција на банката, конкуренцијата од другите банки, како и намалениот ризик од неостварување на обезбедувањето, се фактори коишто делумно придонесуваат за релаксирање на кредитните услови за кредитирање на претпријатијата.

Графикон 77
Просечна пондерирана денарска активна и пасивна каматна стапка на корпоративниот сектор и каматна маргина
(квартален просек, во %)




| | Кв.1 2005 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 2006 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 2007 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *активна каматна стапка* | 10.6 | 10.5 | 10.5 | 10.7 | 10.2 | 9.9 | 9.5 | 9.3 | 9.3 | 9.0 | 8.8 | 8.8 | 8.6 |
| *пасивна каматна стапка* | 5.3 | 5.3 | 6.3 | 6.9 | 5.8 | 4.0 | 4.3 | 3.7 | 3.9 | 4.1 | 4.2 | 4.5 | 4.7 |
| *каматна маргина* | 5.3 | 5.2 | 4.2 | 3.8 | 4.4 | 5.8 | 5.3 | 5.6 | 5.4 | 5.0 | 4.6 | 4.3 | 3.9 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Зголемено штедење на населението и претпријатијата, при намалено инвестирање во државни записи***

Во првиот квартал на 2008 година е забележано намалено инвестирање на приватниот сектор во тримесечните државни записи, при истовремено зголемување на нивните депозити во банките. Во однос на вложувањата во државните записи (тримесечни), треба да се има предвид дека во првите три месеци на 2008 година е забележано постојано намалување на понудата на државните записи (главно заради намалената понуда на државните записи за монетарни цели, коишто од март повеќе не се нудат на пазарот), а од друга страна Министерството за финансии во март ја зголеми каматната стапка на тримесечните државни записи. Согласно со последните измени, каматната стапка на орочените денарски депозити (до три месеци без валутна клаузула) на претпријатијата се приближи до каматната стапка на државните записи (тримесечните), за разлика од пасивната каматна стапка на населението (за тримесечните депозити) којашто е повисока од цената на државните записи (тримесечните).

[45] Анкета за кредитна активност, април 2008 година,НБРМ.

Графикон 78
Кредити на приватниот сектор, вложувања во тримесечни државни записи, денарските депозити орочени до три месеци и нивните каматни стапки (квартален просек)







Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 79
Просечни каматни стапки на тримесечните денарски депозити на претпријатијата и на населението и просечни каматни стапки на тримесечните државни записи (во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

***Најголемо стеснување на каматната маргина на девизните каматни стапки***

Движењата на девизните каматни стапки одговараат на оние на денарските каматни стапки, при што пониската цена на девизните кредити во однос на денарските делумно се должи и на пониските трошоци на изворите на средства. Така, просечната девизна активна каматна стапка забележа квартален пад од 0,4 процентни поени и изнесува 8,1%, додека просечната девизна пасивна каматна стапка е 2,2% (квартален пораст од 0,2 процентни поена). Намалувањето на девизната активна каматна стапка е напоредно со трендот на движење на меѓународната каматна стапка тримесечниот ЕУРИБОР (Euro Interbank offered rate) во првиот квартал на 2008 година. Воедно, во анализираниот период е забележано намалување на маргината помеѓу активната и пасивната девизна каматна стапка (најголемо во последниве две години), и тоа во услови на напореден пораст на девизните кредити и депозити на банкарскиот систем.

Графикон 80

Квартална динамика на девизните депозити и кредити на приватниот сектор и на активната и на пасивната каматна стапка

(квартален просек)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 81

Каматна стапка на девизните кредити и депозити и меѓународна тримесечна каматна стапка ЕУРИБОР

(квартален просек, во%)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Секторската анализа на девизните каматни стапки покажа намалување на просечната каматна стапка на краткорочните кредити (во евра) наменети за **населението** од 0,7 процентни поени во првиот квартал, при што таа изнесува 12%. Воедно, просечната каматна стапка на долгорочните девизни кредити (во долари) забележа пораст од 0,7 процентни поени, сведувајќи се на 4,5%. Кај пасивните девизни каматни стапки, поголема квартална промена е забележана кај орочените депозити на населението во евра, со рок на достасување до шест месеци и до дванаесет месеци, чиишто просечни каматни стапки се зголемени за 0,4 процентни поени и изнесуваат 2,9% и 3,5%, соодветно.

Кај активните каматни стапки на секторот **претпријатија** поголеми квартални промени се забележани кај краткорочните девизни кредити (одобрени во долари) чијашто просечна каматна стапка е намалена од 7% на 5%. Воедно просечната каматната стапка на долгорочните девизни кредити (во долари) забележа квартален пад од 1,3 процентни поени, сведувајќи се на ниво од 5,8%. Кај пасивната девизна каматна стапка за претпријатијата, поголема промена е забележана кај орочените депозити во долари со рок на достасување

од еден до три месеци, чијашто просечна цена се намали за 1,1 процентен поен и изнесува 3,1% во првиот квартал на 2008 година.

Графикон 82
Каматна стапка на краткорочни и долгорочни девизни кредити на приватниот сектор
( квартален просек, во %)







Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во вториот квартал, аукциите на благајничките записи продолжија да се извршуваат преку тендер на износи, при што во мај нивната каматна стапка дополнително е зголемена за еден процентен поен, на 7%. Заради усогласување со референтната каматна стапка, НБРМ во јуни донесе одлука за зголемување на каматната стапка на ломбардниот кредит од 7,5% на 8,5%. И во вториот квартал на 2008 година, Министерството за финансии го задржа континуитетот на зголемување на каматните стапки на државните записи, при тендер со износи, при што каматните стапки на тримесечните, шестмесечните и дванаесетмесечните државни записи во јуни достигнаа 7,1%, 7,2% и 7,3%, соодветно. Во периодот април - мај, движењата на активната и пасивната каматна стапка на банките продолжија со исто темпо како и во претходниот период. Така, активната каматна стапка на месечна основа се намали за 0,1 процентен поен и во мај изнесуваше 9,6%, додека пасивната каматна стапка забележа пораст и изнесуваше 5,7%. Притоа, каматната стапка на девизните кредити остана непроменета и во мај изнесуваше 9,1%, додека пасивната девизна каматна стапка е зголемена на 2,3%.

## III. Јавни финансии

***Висок буџетски суфицит во првиот квартал на 2008 година***

Во првиот квартал на 2008 година, во буџетот на централната власт беше остварен суфицит од 4.230 милиони денари, односно 1,2% од проектираниот БДП за 2008 година[46]. Суфицитно буџетско салдо беше остварено и во првиот квартал на претходната година, но со многу помал обем, односно 55% од суфицитот остварен во првите три месеци на 2008 година. Доколку буџетското салдо се коригира за каматните отплати, примарниот буџетски суфицит изнесува 1,3% од проектираниот БДП за 2008 година.

[46] Земена е проекцијата на БДП според која е изготвен буџетот за 2008 година.

Графикон 83
Вкупни буџетски приходи и расходи и буџетско салдо
(во милиони денари)




Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

Графикон 84
Буџетското салдо и каматни отплати врз основа на надворешното и домашното задолжување
(во милиони денари)




Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

***Во првиот квартал на 2008 година, годишен пораст на вкупните јавни приходи...***

***...при пораст на даночните и неданочните приходи***

Во првите три месеци на 2008 година, прибраните средства од даноци и придонеси изнесуваат 25,8% од планираните за 2008 година. Во однос на истиот период на 2007 година, наплатата на даноците е зголемена за 20,9%, а на придонесите за 15,1%. Во рамки на даноците, најголем годишен пораст е забележан кај данокот на добивка (од 38,7%, одразувајќи освен подобрена ефикасност во наплатата и раст на профитабилноста на фирмите), данокот на додадена вредност (од 24,6%, согласно со повисокото ценовно ниво и поголемиот промет во трговијата), како и кај акцизите. Во првите три месеци на 2008 година, најголем дел од неданочните приходи на Буџетот се однесува на пренесената добивка од НБРМ, а се примени и странски донации во износ од 191 милион денари (донации врз основа на билатерални договори на буџетските корисници за финансирање на одделни проекти и активности). Значајно зголемување на годишна основа бележат и капиталните приходи, што главно се должи на приходи врз основа на продажба на општествени станови и државно градежно земјиште.

Согласно со измените во сферата на даночното законодавство, од 1. јануари 2008 година започна примената на пропишаната намалена даночна стапка кај рамниот данок од 12% на 10%, односно кај данокот на добивка и кај персоналниот данок на доход. Наплатените повисоки даночни приходи во услови на намалени даночни стапки, делумно упатуваат на поефикасни системи на прибирање на даноците и поефикасни контроли, односно зајакнат технички и институционален капацитет на даночната администрација, како и поголема мотивираност на економските субјекти за пореално искажување на финансиските резултати.

Графикон 85
Структура на даночните приходи
(во %)




Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

***Во првиот квартал на 2008 година, остварен е годишен пораст на јавните расходи, при зголемено капитално и тековно трошење***

Вкупните расходи во првиот квартал на 2008 година бележат годишен раст од 19,8%. Посилното државно трошење произлегува од истовремениот пораст на капиталните и на тековните расходи. Кај тековните расходи, коишто структурно зафаќаат 91% од вкупните расходи остварени во првиот квартал на 2008 година, трошоците за стоки и услуги и трошоците за трансфери забележаа годишен пораст од 15,8% и 27,7%, соодветно. Доколку се анализираат трошоците за плати и надоместоци, тие бележат годишно намалување од 13,3%. Ваквата промена, во услови на пораст на платите во јавната администрација, се должи на отпочнувањето на втората фаза од процесот на фискална децентрализација[47], односно на исплатата на платите на вработените во јавната администрација преку локалната самоуправа. Следствено, трансферите до локалните власти бележат четирикратен годишен пораст (односно износ од 2.246 милиони денари во првиот квартал на 2008 година, наспроти 560 милиони денари во истиот период на претходната година). Притоа, значајно зголемување е забележано и кај ставката „останати трансфери“ (износ од 947 милиони денари во првиот квартал на 2008 година, наспроти 410 милиони денари во истиот период на претходната година), коишто ги вклучуваат доделените субвенции на земјоделците.

[47] Со одлуката донесена во јули 2007 година, трошоците за надоместоци и плати на вработените во четири сектори од локалната јавна администрација (образование, социјална политика и детска заштита, култура и здравство) се финансираат преку блок-дотации кај општините што ги исполниле соодветните критериуми.

Графикон 86
Структура на тековните трошења на државата
(во %)




Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

Структурата на финансирањето во првиот квартал на 2008 година, покажува минимални нето-одливи врз основа на надворешно финансирање (37 милиони денари) и нето-приливи врз основа на домашно задолжување од 248 милиони денари. Дополнителни приливи беа остварени и врз основа на издавање концесии (во износ од 617 милиони денари, а се однесува на концесијата за користење на технологијата „3Г“ во мобилната телефонија). Во услови на остварен суфицит е забележан пораст на салдото на сметката на државата кај НБРМ.

Графикон 87
Финансирање на буџетското салдо
(во милиони денари)




* Позитивна промена - повлекување депозити; негативна промена - кумулирање депозити.
Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

Во текот на првиот квартал на 2008 година, на примарниот пазар на државни записи, беа остварени 90,3% од вкупниот понуден износ на краткорочни државни хартии од вредност (односно е остварен износ од 4.168 милиони денари). Побарувачката ја надминуваше понудата за 15,6%, додека просечната пондерирана каматна стапка на краткорочните државни записи (збирно за сите рочности) достигна 5,47% во првиот квартал на 2008 година (наспроти 5,15% во четвртиот квартал на 2007 година). Во текот на првиот квартал на 2008 година, за исплата достасуваа краткорочните државни хартии од вредност во износ од 6.631,6 милиони денари (од кои 4.618,7 милиони денари се државни записи за монетарни цели), наспроти

остварениот износ од 4.168 милиони денари. Следствено, преку примарниот пазар на краткорочни државни хартии од вредност е креирана нето-ликвидност во износ од 2.463,6 милиони денари. Од аспект на рочноста, најзастапени беа тримесечните трезорски записи (81,9% од вкупните остварени државни записи), при што состојбата на тримесечните трезорски записи (со вклучени државни записи за монетарни цели во износ од 1.799 милиони денари) изнесува 3.412,5 милиони денари на 31.03.2008 година, наспроти 5.714,2 милиона денара на 31.12.2007 година (од кои 4.618,7 милиони денари беа државни записи за монетарни цели).

Графикон 88
Вкупна понуда и побарувачка на трезорски записи (во милиони денари) и просечна пондерирана каматна стапка и состојби на инвестициите во трезорските записи (по рочност)
(во милиони денари)




*Ги вклучува државните записи за монетарни цели.
Извор: НБРМ и Министерство за финансии на Република Македонија.

На крајот на првиот квартал на 2008 година, вкупниот јавен долг[48] бележи намалување за 3,7%, односно 52,3 милиони евра, во споредба со состојбата на крајот на 2007 година. Притоа, кварталниот пад се должи на истовремено намалување и на надворешниот и на домашниот јавен долг за 9 милиони евра, односно 43,3 милиони евра, соодветно. Намалувањето на домашниот јавен долг во целост е резултат на намалената емисија на континуирани државни хартии од вредност и на намалениот долг врз основа на структурните обврзници (пред сè Обврзницата за приватизација на „Стопанска банка“ а.д. Скопје[49]).

[48] Заради воедначеност на анализата, јавниот долг се заснова врз долгот на централната државна власт и фондовите (консолидираниот долг на државната власт без долгот на НБРМ, општините и јавните претпријатија). Имено, ваквата анализа не соодветствува со националната методологија за пресметка на јавниот долг во која е вклучен и долгот на општините и јавните претпријатија (без долгот на НБРМ) и статистика на владините финансии (на ММФ) во која е вклучен и долгот на НБРМ. Домашниот долг на централната државна власт се однесува на структурните и континуираните хартии од вредност.
[49] Долгорочна државна обврзница со која државата ги презема побарувањата на оваа банка од фирми-загубари со состојба на крајот на 1999 година.

Графикон 89
Структура на вложувањата во државни записи по инвеститори*
(во %)




* На 07.03.2006 година, НБРМ во соработка со Министерството за финансии започна со емисија на државни записи за монетарни цели, со рок на достасување од три месеци.
Извор: НБРМ и Министерство за финансии на Република Македонија.

Според последните расположливи податоци, во првите два месеци од вториот квартал на 2008 година, повторно е остварено позитивно буџетско салдо, но во значајно помал обем (273 милиони денари). Во рамки на вкупните остварени приходи и понатаму најзначајна компонента претставуваат даночните приходи, и тоа пред сè, високата реализација на данокот на додадена вредност (49,9% од вкупните даночни приходи). На страната на вкупните расходи, најголемиот дел од државните трошоци се однесуваат на тековните трошоци, односно во нивни рамки на социјалните трансфери (учество од 75,5% во вкупните трансфери).

И покрај остварениот буџетски суфицит, на денарската сметка на државата кај НБРМ е забележан одлив, пред сè заради отплатата на редовна рата за Обврзницата за старото девизно штедење во април, како и заради исплати врз основа на достасувања на државни хартии од вредност. На аукциите на државни записи (од сите рочности) одржани во текот на април и мај 2008 година, е забележана просечно повисока побарувачка од понудениот износ за 9,3%.

## IV. Пазар на капитал

***Значителен пад на берзанскиот промет и на МБИ-10 во првиот квартал***

Во првиот квартал на 2008 година е забележан значителен пад на берзанското тргување во споредба со претходните неколку квартали. Во првиот квартал на 2008 година, вкупниот берзански промет (вклучително блок-трансакции и државен сегмент) изнесува 3,2 милијарди денари, што претставува намалување за 72,9% во однос на претходниот квартал. Во рамки на вкупниот берзански промет остварен во првиот квартал на 2008 година доминира класичното тргување со акции, коешто во однос на претходниот квартал беше пониско за 66,8%. Просечниот дневен берзански промет изнесува 49,9 милиони денари, што е значително помалку од просечниот промет во текот на претходната година (123,1 милион денари).

Графикон 90
Структура на берзанскиот промет
(во милиони денари)




Извор: „Македонска берза“ АД Скопје.

На 31.03.2008 година, вредноста на индексот МБИ-10[50] изнесува 6.707,4 индексни поени, што претставува пад од 13,3% во споредба со состојбата на крајот на 2007 година. Ваквите движења на овој индекс се должат на значителниот пад на прометот на берзата, но и на падот на цените на поголемиот број акции. Намалената побарувачка и падот на цените беа резултат пред сè на неизвесноста во однос на политичките случувања, што услови воздржаност на инвеститорите од вложување во хартии од вредност, но и од нивно продавање заради избегнување потенцијални капитални загуби.

Индексот на јавно поседувани друштва - МБИД[51], го следи движењето на МБИ-10, при што неговата вредност на крајот на првиот квартал изнесува 7.421,5 индексни поени, што претставува пад од 11,8% во споредба со крајот на 2007 година.

[50] Ценовен индекс пондериран со пазарната капитализација, изграден врз основа на обичните акции на десет котирани друштва на официјалниот пазар.
[51] Ценовен непондериран индекс, чиишто составни елементи се избираат имајќи ги предвид бројот на денови на тргување и остварениот промет помеѓу две ревизии на индексот.

Графикон 91
МБИ-10, МБИД и берзански промет остварен со класично тргување[52]
(во милиони денари)




Извор: „Македонска берза“ АД Скопје.

***Надолно движење на берзанските индекси во регионот главно заради политичката неизвесност***

Споредбата со берзанските индекси во регионот и во земјите од Централна и Источна Европа покажува дека во првиот квартал на 2008 година сите имаат надолни движења. За земјите од Централна и Источна Европа, ова се должи пред сè на последиците од финансиската нестабилност на крајот на 2007 и почетокот на 2008 година, како и во неизвесноста во поглед на идните економски движења. Кај берзите во Југоисточна Европа, сепак поизразено беше влијанието на политичката неизвесност, при што комбинирано, овие фактори влијаеја во насока на воздржување на инвеститорите од поголеми вложувања на овие берзи и следствено врз пад на берзанските индекси и во текот на вториот квартал на 2008 година.

Графикон 92
Квартални стапки на промена на националните и композитните регионални берзански индекси[53] (лево) и споредба на движењето на берзанските индекси (десно)







[52] На графиконот е прикажан дневниот берзански промет преку класично тргување, којшто го опфаќа само класичното тргување со акции и обврзници, додека ги исклучува сите други видови трансакции. Со цел да се прикаже подобро, на графиконот не е целосно прикажано класичното тргување на 16.10, коешто изнесува 1.751,6 милиони денари (што се должи на преземањето на една домашна компанија од странски инвеститор).

[53] „Доу Џонс Стокс Балкан“ 50 (Dow Jones Stoxx Balkan 50) вклучува акции од 50 најголеми и најликвидни компании од осум балкански берзи. „МСЦИ ЕМ ЕЕ“ (Morgan Stanley Capital International - Emerging Markets Eastern Europe - MSCI EM EE) е индекс којшто е пондериран според пазарната капитализација и вклучува акции од четири централно и источноевропски берзи.

***Продолжена доминација на резидентите во берзанскиот промет***

Од аспект на учеството во прометот на берзата, продолжи доминацијата на резидентите и на страната на купувањето и на страната на продажбата. Така, во првиот квартал на 2008 година, резидентите учествувале со 64,9% во купувањето хартии од вредност и со 61,3% во продажбата на хартии од вредност на берзата. Притоа, домашните физички лица учествуваат со 38,4% во купувањето и со 36% во продажбата на хартии од вредност на берзата. Од друга страна, за разлика од претходните квартали, нерезидентите беа поприсутни на страната на продажбите (со 38,7%), отколку на страната на купувањата (со 35,1%), како последица на неизвесноста во тој период. Како резултат на овие движења, на крајот на првиот квартал, странските инвеститори учествуваат со 30,9% во вкупната главница на друштвата и 8,4% во вкупната номинална вредност на обврзниците[54], што е исто како и на крајот на 2007 година.

Графикон 93
Структура на прометот на берзата, според инвеститорите и насоката на трансакциите
(во милиони денари)




Извор: „Македонска берза“ АД Скопје, пресметки во НБРМ.

Во првиот квартал на 2008 година, остварениот промет со обврзници на официјалниот пазар на Берзата изнесува 222,3 милиони денари и забележа квартален пад од 59,2%. Цените на обврзниците се движеа од 81,9% (Обврзницата за денационализација од шестата емисија) до 101,2% (Корпоративна обврзница на „Прокредит банка“) од номиналната вредност[55]. Во текот на кварталот, ОМБ[56] имаше главно позитивни движења, при што на крајот на март достигна 106,81 индексни поени (пораст од 1,2% во споредба со крајот на 2007 година).

---

[54] Според податоци од Централниот депозитар на хартии од вредност.

[55] Интервалот е утврден согласно со максималните и минималните цени на тргување на обврзниците, а податокот е изворно од месечните билтени коишто ги објавува Берзата.

[56] ОМБ е ценовен индекс пондериран со прометот, и е составен од обврзниците за старо девизно штедење и Обврзниците за денационализација од првата, втората, третата, четвртата, петтата и шестата емисија, при што почетната вредност на ОМБ е 100.

Графикон 94
Индекс на обврзници на Македонската берза (ОМБ) и класично тргување со обврзници




Извор: „Македонска берза“ АД Скопје.

Во текот на првиот квартал на 2008 година, на Пазарот преку шалтер беше остварена една трансакција со државни записи во износ од 1 милион денари (во февруари) и воедно, 17 трансакции со благајнички записи во вкупна вредност од 545 милиони денари. Во споредба со претходниот квартал, секундарното тргување на наведените хартии од вредност на овој пазарен сегмент е пониско за 16,7%.

Трендот на намалување на берзанскиот промет и на МБИ-10 продолжи и во првите два месеца од вториот квартал, при што на крајот на мај вредноста на МБИ-10 е за 25,7% пониска отколку на крајот на 2007 година. Во структурата на берзанскиот промет во април 2008 година, учеството на нерезидентите беше повторно позабележително на страната на продажбите на хартии од вредност (53,49%, наспроти 35,94% на страната на купувањата), додека во мај се забележува одредено нормализирање и нивното учество на страната на купувањата (31,45%) е повисоко за еден процентен поен во однос на учеството во продажбите. Индексот ОМБ продолжи да расте, при што на крајот на мај 2008 година достигна рекордно висока вредност од 107,89 индексни поени.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

Табела 1: Бруто домашен производ 73
Табела 2: Цени 74
Табела 3: Индустриско производство и продуктивност во индустријата 75
Табела 4: Вработеност 76
Табела 5: Плати 77
Табела 6: Државен буџет 78

**Табели од монетарниот сектор**
Табела 7: Биланс на Народната банка 79
Табела 8: Биланс на депозитните банки 80
Табела 9: Биланс на штедилниците 81
Табела 10: Монетарен преглед (без штедилници) 82-83
Табела 11: Монетарен преглед (со штедилници) 84-85
Табела 12: Кредити на недржавниот сектор 86
Табела 13: Монетарни агрегати и нивните компоненти (недржавен сектор) 87
Табела 14: Вкупни побарувања на депозитните банки 88-89
Табела 15: Вкупни обврски на депозитните банки 90-91
Табела 16: Извештај за пондерираните каматни стапки на примените депозити и дадените кредити 92-93
Табела 17: Каматни стапки на Народната банка на Република Македонија 94
Табела 18: Задолжителна резерва на банките и штедилниците 95
Табела 19: Каматни стапки на државните хартии од вредност 96

**Табели од надворешнотрговскиот и девизен сектор**
Табела 20: Платен биланс на Република Македонија - збирни податоци 97
Табела 21: Платен биланс на Република Македонија - збирни податоци 98
Табела 22: Платен биланс на Република Македонија - услуги 99
Табела 23: Платен биланс на Република Македонија - доход 100
Табела 24: Платен биланс на Република Македонија - тековни трансфери 101
Табела 25: Платен биланс на Република Македонија - капитална и финансиска сметка (без официјални резерви) 102
Табела 26: Надворешнотрговска размена на Република Македонија по сектори на СМТК и по економска намена 103
Табела 27: Надворешнотрговска размена на Република Македонија по земји 104-105
Табела 28: Состојба на странските директни инвестиции во Република Македонија по земји на инвеститори 106-107
Табела 29: Состојба на странските директни инвестиции во Република Македонија по дејности 108
Табела 30: Меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија - состојба на крајот на периодот 109
Табела 31: Меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија - состојба на крајот на периодот 110
Табела 32: Бруто надворешен долг на Република Македонија - состојба 111
Табела 33: Бруто надворешни побарувања на Република Македонија - состојба 112
Табела 34: Нето надворешен долг на Република Македонија - состојба 113
Табела 35: Девизни резерви 114
Табела 36: Девизен курс на денарот (просек за периодот) 115
Табела 37: Среден девизен курс на денарот (на крајот на периодот) 116
Табела 38: Индекси на ефективниот девизен курс на денарот 117

**Методолошки објаснувања 118**

Табела 1

**Бруто домашен производ**

Во милиони денари (1997=100) и годишни стапки на реален раст (во %)

| | **БДП вкупно** | % | Земјоделство, лов, шумарство и рибарство | % | Вадење руди и камен, преработувачка индустрија и снабдување со елек.енргија, гас и вода | % | Градежништво | % | Трговија на големо и трговија на мало | % | Хотели и ресторани | % | Сообраќај, складирање и врски | % | Финансиско посредување | % | Јавна управа и одбрана | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *НКД*[1] | | | А+Б | | В+Г+Д | | Ѓ | | Е | | Ж | | З | | Ѕ+И+Љ | | Ј+К+Л+Х | |
| 1997 | 186018 | 1,4 | 20411 | | 45317 | | 9867 | | 21297 | | 2819 | | 11372 | | 26002 | | 27067 | |
| 1998 | 192308 | 3,4 | 21083 | 3,3 | 45969 | 1,4 | 10626 | 7,7 | 21377 | 0,4 | 3025 | 7,3 | 14385 | 26,5 | 26002 | 0,0 | 27395 | 1,2 |
| 1999 | 200669 | 4,3 | 21273 | 0,9 | 46750 | 1,7 | 11732 | 10,4 | 22025 | 3,0 | 3771 | 24,7 | 16854 | 17,2 | 26499 | 1,9 | 28519 | 4,1 |
| 2000 | 209777 | 4,5 | 21489 | 1,0 | 51122 | 9,4 | 12037 | 2,6 | 22695 | 3,0 | 3345 | -11,3 | 18282 | 8,5 | 27215 | 2,7 | 28546 | 0,1 |
| 2001 | 200284 | -4,5 | 19169 | -10,8 | 48786 | -4,6 | 10300 | -14,4 | 22505 | -0,8 | 3195 | -4,5 | 16761 | -8,3 | 27783 | 2,1 | 27876 | -2,3 |
| 2002 | 201993 | 0,9 | 18779 | -2,0 | 48390 | -0,8 | 10364 | 0,6 | 23725 | 5,4 | 3726 | 16,6 | 16467 | -1,8 | 26758 | -3,7 | 28843 | 3,5 |
